Број 5 Година XVII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, март 2023

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година**

1. Се објавува Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година, донесен на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/1**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од „Законот за локална самоуправа“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021) и Извештајот изготвен од Одделението за Геоинформациски систем (ГИС), изготви Извештај, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година.

2. Примерок од заклучокот да се достави до Одделението за Геоинформациски систем (ГИС).

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број: 09-1417/7
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа член 22, став 1, точка 13од „Законот за локална самоуправа“ („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), Одделението за Геоинформациски систем (ГИС), изготви

**ИЗВЕШТАЈ**
**за реализација на Програмата за активностите наОпштинаКарпош**
**од областа на информатичката технологија за 2022 година**

## Вовед

Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) кои се во рамките на Секторот за поддршка на Градоначалникот, со своите активности има за цел преку инсталација на одредени софтверски модули да придонесе доближување поблиску до граѓаните, како и да ја овозможи и олесни автоматската обработка на податоци на вработените во општината.
Информатичкиот свет е во постојан подем и претставува сервис на општеството без кој едноставно не можеме да функционираме.
Општина Карпош е во тек со развојот на информатичката технологија и од година во година се развива сѐ повеќе користејќи ги алатките на информатичката технологија. Општина Карпош е на самиот врв на ИТ-технологијата во локалната самоуправа, следејќи ги најновите трендови во ИТ-технологијата.

## Реализирани активности

Во согласност со донесената Програма за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година, Одделението за информатичко-комуникациска инфраструктура и Одделението за геоинформациски систем (ГИС) ги реализираше следните проектни активности:

1. Годишно одржување и надградба на ИТ-системи
   - Електронско архивско и деловодно работење

     За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за превентивно и адаптивно одржување на електронската архива и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 249.924,00 ден, од кој потрошени се 83.308,00 денари.

- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за надградба и одржување на постоечки ГИС и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 1.150.000,00 денари, од кој потрошени се 1.150.000,00 денари

2. Набавка на лиценци за сервери, оперативни ситеми, антивирусни дефиниции

   -За потребите на Општина Карпош, беше предвидено да се објави јавна набавка во согласност со Законот за јавните набавки, но истата не е реализирана.

3. Годишно одржување на хардверските компоненти во ИТ-системот (сервисирање и одржување на принтери и плотери, резервни делови за хардвер).

- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за одржување и сервисирање на принтери и скенери и резервни делови за истите 300.000,00 денари, од кои потрошени се 50.740,00 денари
- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка на опрема за следење и објавување на седниците и комисиите на Совет на Општина Карпош во живо и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 408.324,00 денари, од кои се потрошени 406.610,00 денари.
- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка на резервни делови за хардвер и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 800,000,00 денари, од кои се потрошени 35.758,00 денари.
- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за изнајмување на фотокопири и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 250.000,00 денари, од кој потрошени се 89.531,00 денари
- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за одржување на сервери хардверски и системски, односно превентивно и адаптивно одржување на истите и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 350.000,00 денари, од кој не се потрошени средства.
- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за набавка на компјутери и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 327.600,00 денари, од кој потрошени се 131.040,00 денари
- За потребите на Општина Карпош, во согласност со Законот за јавните набавки, е спроведена јавна набавка за одржување на систем за евиденција на работно време и видео, односно

превентивно и адаптивно одржување на истите и е склучен договор со економски најповолниот понудувач во износ од 350.000,00 денари, од кој не се потрошени средства

Вкупната предвидена финансиска рамка за Програмата за активностите на Општина Карпош од обласста на информатичката технологија за 2022 година изнесува 4.200.000.00 денари. Според реализираните проектни активности се потрошени финансиски средства во износ од 1.946.987,00 денари предвидени со Буџетот на Општина Карпош за 2022 година.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/2**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образовението за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Образованието за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022), во точка II. Проектни активности се врши дополнување на следниот начин:

после точка 15 се додава нова точка - нова табела 16 која гласи:

| | |
|---|---|
| 16. | Ослободување од плаќање месечен надомест за ужинка/топол оброк на ученици – деца на бранители во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош<br>Реализатор: Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| Опис на активности: | Оваа активност се предвидува согласно Одлуката за ослободување или процентуално намалување на давачки и надомести кон Општина Карпош за бранителите од Општина Карпош донесена од Советот на Општина Карпош со бр.09-8890/16 од 07.12.2022 година, За ослободување од плаќање месечен надомест за топол оброк (целодневна настава и дневен престој) во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош и ослободување од плаќање месечен надомест за ужинки во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош. Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование се задолжени да ја достави оваа одлука до општинските основни училишта, со цел реализирање на истата преку училишните одбори. Училиштата да достават список на ученици на бранители до општината и до правните лица кои го подговтуваат топлиот оброк/ужинката а правните лица да изготвуваат месечни фактури кон Општина Карпош за реализираните топли оброци/ужинки за учениците – деца на бранителите во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош. |
| Стратешки насоки и цели: | - Поддршка на бранителите<br>- Заслуги во одбраната на татковината |
| Очекувани резултати: | Финансиска помош на семејствата |
| Целна група: | ученици – деца на бранителите во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| Предвиденафинансискарамка: | 200.000.00 |
| **Трошоци** | Плаќање на фактури на правно лице за трошоци за топол оброк и ужинки |

II. Во делот **Вкупна предвидена финансиска рамка износот од 15.440.000,00 (петнаесет милиони четиристотини и четириесет илјади денари) останува непроменет**

III. Финансирање

Во делот Вкупна предвидена финансиска рамка износот од 15.440.000,00 (петнаесет милиони четиристотини и четириесет илјади денари) останува непроменет.

IV. Ова изменување и дополнување на Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-1417/8
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2023 година
## ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

## I. Развојни приоритетни и цели

Целта на програмата за образование е да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа.

## II. Проектни активности

| 1. | Ужинки за учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Во период јануари-јуни 2023 година, за учебната 2022/2023 и за периодот септември-декември 2023 година за учебната 2023/2024, Општина Карпош ќе субвенционира ужинки за учениците од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во висина од 50% од износот на месечниот надоместок. |
| Стратешки насоки и цели: | Зајакнување на довербата помеѓу Општина Карпош и родителите на учениците од основните училишта на територија на Општина Карпош. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | Финансиска помош за родителите на учениците |
| Целна група: | Ученици од 1 (прво) до 9 (деветто) одделение од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 5.900.000,00 |
| Трошоци: | Набавка на ужинки согласно понуда од избран понудувач |

| | |
|---|---|
| **2.** | **Превоз на ученици од општинските основни училишта за реализирање на еднодневни излети**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
| Опис на активности: | Организирање на превоз за реализација на еднодневни излети во околината на Скопје за учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, во 2023 година. |
| Стратешки насоки и цели: | Реализирање на дел од програмската активност за реализација на еднодневни излети согласно Годишните Програми за реализирање на екскурзии на сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош, изготвени согласно Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта;<br><br>Финансиско олеснување на родителите на учениците од |

| | |
|---|---|
| | општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Дружење меѓу учениците и учениците и наставниците, социјализација, едукација за излетничките места со посета на културно историски обележја.<br>Финансиска помош за родителите на учениците. |
| Целна група: | Ученици и наставници од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. |
| Предвидена финансиска рамка: | 2.500.000.00 |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2023 година. |

| | |
|---|---|
| 3. | **Секојдневен превоз на учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
| Опис на активности: | Обезбедување на месечни билети за секојдневен превоз на ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош, за месеците додека трае школската година. |
| Стратешки насоки и цели: | - Усогласување со законска регулатива согласно член 73 став (1) од Законот за основното образование.<br>- Олеснет и безбеден превоз до најблиското општинско основно училиште |
| Очекувани резултати: | Финансиска помош на родителите на учениците од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош |
| Целна група: | Ученици од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош кои местото на живеење е оддалечено најмалку два километри од најблиското основно училиште. |
| Предвидена финансиска рамка: | 2.000.000.00 |
| Трошоци: | Обезбедување превоз на ученици преку спроведена јавна набавка согласно План за јавни набавки за 2023 година. |
| | |

| 4. | Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Стипендии за талентирани ученици од општинските основни училишта ќе ги опфати талентираните ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од училиштата на територија на Општина Карпош, жители на Општина Карпош, за постигнати резултати од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста на меѓународни, државни и градски натпревари.<br>Огласот за стипендии за телентирани ученици ќе се објави за учебната 2023/2024 година.<br><br>Стипендиите се доделуваат за осум месеци и се во две категории, и тоа:<br><br>-Прва категорија 3.000,00 денари,<br><br>-Втора категорија 2.500,00 денари.<br><br>Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата, ги разгледува и одлучува по пристигнатите барања за доделување стипендија за талентирани ученици.<br><br>На ученикот кој конкурирал за две стипендии во Општина Карпош (образование и спорт) и ги исполнил условите за добивање на двете стипендии, му се доделува една стипендија, по негов избор, врз основа на доставена изјава за која стипендија се одлучил. Постапката по јавен оглас ќе се спроведе по претходно утврдени услови и критериуми. |
| Услови за доделување | Услови за доделување стипендија: |

| | |
|---|---|
| **стипендија, Критериуми за доделување стипендија и Потребни документи за доделување на стипендија** | -Да се жители на општина Карпош (адреса на живеење).<br>-Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош.<br>-Да имаат освоено I или II место на натпревари (градски, државни, меѓународни). |
| | **Критериуми за доделување стипендија**:<br>Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I или II место од здруженија, организации, друштва, асоцијации и сл. акредитирани од Министерство за образование и наука.<br>Освоени I или II место на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI до VIII за редовни ученици во 8 одделение, односно од VII до IX одделение за редовни ученици во 9 одделение:<br>- I и II место на **градски (регионални)** натпревари (2 бода, 1 бод);<br>- I и II место на **државни** натпревари (6 бода, 3 бода );<br>- I и II место на **меѓународни** натпревари (8 бода, 7 бода, во прилог потврда од организаторот на натпреварот дека учествувале минимум 3 (три) или повеќе држави на меѓународниот натпревар).<br><br><u>Втора категорија</u> ќе се додели на ученици кои освоиле од 4 (четири) бодови до 5 (пет);<br><u>Прва категорија</u> ќе се додели на ученици кои освоиле од 6 (шест) и повеќе бодови.<br>*Освоените места на групни натпревари нема да бидат бодувани.<br><br>**Потребни документи за доделување стипендија:**<br>Со барањето, учесниците на Огласот треба да достават:<br>-Документ како доказ дека живее во Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | (лична карта од родител/старател);<br>-Потврда од училиштето дека е редовен ученик во VIII односно IX одделение во учебната 2023/2024 во општинското основно училиште од територија на Општина Карпош;<br>-Фотокопии од дипломи од освоени места на натпревари од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста од VI и VII одд. за редовни ученици во VIII одд и од VII и VIII одд. за редовни ученици во IX одделение;<br>-Препорака од класниот раководител или предметниот наставник; |
| Стратешки насоки и цели: | Целта е да се стимулира и развива талентот на овие ученици, за понатамошно надградување во областите каде покажуваат успеси. |
| Очекувани резултати: | -учество на разни натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста;<br>-создавање вистински вредности и навики кај учениците |
| Целна група: | Редовни ученици од 8-мо и 9-то одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 2.000.000,00 |
| Трошоци | Парични средства за учениците во времетраење од осум месеци во текот на календарската година. |
| Организатор | Општина Карпош |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за Стипендии за талентирани |

| | |
|---|---|
| | ученици, жители на Општина Карпош кои се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на територија на Општина Карпош<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука за јавен оглас за Стипендии за талентирани ученици жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош<br>- Објава на јавен оглас за Стипендии за талентирани ученици, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош<br>- Формирање на комисија<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување на стипендии за талентирани ученици<br>- Известување за избор на одобрените стипендии за талентирани ученици<br>- Подготовка на решенија за исплата стипендии за талентирани ученици<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

| 5. | Награди за првенци на генерација од општинските основни училишта<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | **5.а) Еднократна финансиска поддршка на првенци на генерација**<br>Општина Карпош континуирано ги следи најдобрите ученици, ги мотивира и наградува. На крајот на учебната година секое општинско основно училиште на територија на Општина Карпош избира првенец на генерација согласно пропишани училишни критериуми кои треба да |

| | |
|---|---|
| | ги исполони. Наставничките совети на училиштата врз основа на предлогот од Комисијата за избор на првенец на генерација, одлучуваат за изборот на ученикот кој ќе биде прогласен за првенец на генерација по што доставуваат известување до Општина Карпош. За оваа активност Општина Карпош ќе обезбеди еднократна финансиска поддршка за 10-те ученици - првенци на генерација со вкупен буџет 120.000,00 денари.<br>**5.б) Летен одмор за првенците на генерација од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош**<br><br>Општината организира летен одмор за најдобрите 10 ученици, првенци на генерација од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. Предвидено е летниот одмор да се реализира во период на летниот распуст за учениците, со обезбедени сместување, храна и превоз.<br><br>За оваа активност Општина Карпош планира буџет од 280.000,00 денари |
| Стратешки насоки и цели: | 5.а) Целта е учениците да се наградат за нивниот успех и да се мотивираат за напредок во понатамошното образование.<br>5.б) Целта е учениците да имаат забава, дружење, одмор и социјализација на учениците<br>- Пливање, спорт и рекреација<br>- Посета на културно - историски обележја на градот |
| Очекувани резултати: | -поттик на учениците за учество на разни меѓународни, државни, градски и општински натпревари конкурси и изложби<br>-создавање вистински вредности и навики кај учениците<br>-Осамостојување, создавање на поголема одговорност и |

| | |
|---|---|
| | социјализација на учениците |
| Целна група: | 10 ученици - првенци на генерација од десетте општински основни училишта во Општина Карпош, наставници, вработени во Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 400.000,00 |
| Трошоци: | Парични награди за првенци на генерација:<br>5.а) 10 ученици по 10.000,00 денари + персонален данок<br>5.б) летен одмор /превоз, сместување, храна / согласно понудата од избран понудувач |

| 6. | Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Доделување еднократна финансиска поддршка на лица кои се занимават со активности во областа образование и ќе биде наменета за реализација на проекти, едукации, доедукации, доквалификации и друг вид барања од областа на образованието, до 30.000,00 (триесет илјади) денари. За таа цел Градоначалникот на Општина Карпош формира комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата која ќе ги разгледува апликациите.<br>Право на аплицирање имаат лица жители на Општина Карпош, кои реализираат активности од областа на образованието.<br>По реализирање на активноста лицето е должно да достави извештај за реализираната активност. |
| Стратешки насоки и цели: | - Поддршка и стимулирање за постигнување на подобри резултати во образованието на лица од Општина Карпош. |
| Очекувани резултати: | Подигнување на нивото за едукација на ученици, наставен кадар и поединци жители на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| Целна група: | Жители на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | **600.000.00 денари** |
| Трошоци: | Трошоци поврзани со финансиска поддршка |

| | |
|---|---|
| 7. | **Финансиска поддршка за проекти од областа на образованието**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
| Опис на активности: | Оштината распишува Јавен оглас на кој право на аплицирање имаат физички лица жители на Општина Карпош, здруженија и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејноста образование.<br>Огласот временски не е ограничен и важи до исцрпување на финансиските средства, но проектите да бидат реализирани најдоцна до 31.12.2023 година.<br>По доставените барања за реализација на проекти, одлучува Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата.<br>По реализирање на проектот, апликантот е должен да достави извештај за активности и финансиски извештај за реализираниот проект и сметки за одобрените финансиски средства од страна на Општина Карпош. |
| Потребни документи, услови и критериуми | **I. Потребни документи и услови за учество**<br>**За физички лица:**<br>-Лична карта во фотокопија;<br>-Изработен проект;<br>-Финансиски план на проектот;<br>**За правни лица:**<br>-Изработен проект; |

| | |
|---|---|
| | -Финансиски план на проектот;<br><br>-Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ, не постара од 6 (шест) месеци од денот на доставување;<br><br>-Портфолио<br><br>II. **Критериуми за доделување на финансиска поддршка:**<br>1. Проектот да е од посебен интерес за учениците и жителите на Општина Карпош<br><br>2. Проектот да предвидува вклучување на учениците/наставниците/стручните соработници од општинските основни училишта во Општина Карпош или да е наменет за нив. |
| Стратешки насоки и цели: | -Поттик за едукација, доедукација и усовршување<br>-Мотивирање на жители од Општина Карпош за државни и меѓународни постигнувања |
| Очекувани резултати: | Стекнување со поголемо знаење и вештини во областа на образованието.<br>Едукација и професионално усовршување, поголеми успеси на државно и меѓународно ниво и реализација на поддржаните проекти. |
| Целна група: | Физички лица, здруженија на граѓани, претпријатија, ученици, наставници и други во Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 600.000.00 денари |
| Трошоци: | Трошоци поврзани со проекти |

| | |
|---|---|
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас<br>- Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

| 8. | Награди за најдобро уреден еко-училишен двор<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Со цел подигање на свеста на учениците, родителите, наставниците за важноста на животнатасредина и рециклирањето, какомодел за заштита на животнатасредина, училиштатаќесенатпреваруваат за најдоброуреденеко-училишендвор (катчеи уреденост на дворот).<br><br>Изборот за најдобро уреден еко-училишен двор ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата. Комисијата при оценувањето треба да земе во предвид и уреденоста т.е. хигиената на целиот училишен двор, преземени активности за чистење и одржување на училишниот двор од самите |

| | |
|---|---|
| | ученици.<br><br>Наградените училишта добиваат парична награда во висина од:<br><br>70.000 денари-првоместо<br><br>50. 000 денари-второместо<br><br>Предвидено е оваа активност да се реализира во период март-мај 2023 година |
| Стратешки насоки и цели: | Финансиска поддршка за основните општински училишта, подигање на еколошката свест, употреба на рециклирани материјали и нивно понатамошно користење и реупотреба |
| Очекувани резултати: | Поттикната мотивираност и креативност за создавање на здрава средина за учеење и развој и развивање на еколошката свест на сите чинители во воспитно-образовниот процес |
| Целна група: | Основни општински учиилишта од Општина Карпош<br><br>Ученици, родители и наставници од основните општински училишпта на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000.00 |
| Трошоци | Трошоци за награди |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас |

| | |
|---|---|
| | - Формирање на комисија<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

| 9. | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош<br>„Цветно дефиле“<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | По повод денот на општината, ученици од основните училишта и деца од градинките на територија на Општина Карпош дефилираат од своите училишта и градинки до местото на одржување на настанот, со цветни додатоци и транспаренти.<br>На плоштадот во Општина Карпош се одржуваат музичките настапи на талентираните ученици и деца од градинките со музички, кореографски или актерски настапи.<br>Настанот го проследуваат градоначалникот со гостите од збратимените градови. |
| Стратешки насоки и цели: | Стимулирање на креативноста, дружење кај учениците и забава меѓу најмладите и промоција на младите таленти |
| Очекувани резултати: | -Развивање на другарството помеѓу децата<br>-заинтересираност за учество кај учениците.<br>- подигнување на нивото за сценски настап. |
| Целна група: | Децата од градинките и учениците од основните |

| | |
|---|---|
| | училишта од Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 200.000.00 |
| Трошоци: | - Озвучување,<br>- Водител,<br>- Балони и бомбони за децата-учесници во „Цветно дефиле“ |

| | |
|---|---|
| 10. | Одбележување на 1 септември – Денот на првачињата од општинските основни училишта во Општина Карпош<br>Реализатор: Општина Карпош |
| Опис на активности: | Градоначалникот, советниците и вработените од одделението за образование ќе ги посетат првачињата и ќе им посакаат успешен почеток на учебната година. На првиот училишен ден секое општинско основно училиште ќе организира соодветна претстава и активности по повод приемот на првачињата на првиот училишен ден. Општината ќе исплати финансиски средства во вредност од 20.000,00 денари на секое општинско основно училиште. |
| Стратешки насоки и цели: | Целта е финансиска помош на училиштата да организираат соодветна претстава и активности по повод приемот на првачињата на првиот училишен ден |
| Очекувани резултати: | Мотивација и топло добредојде на првачињата за започнување со образовниот процес |
| Целна група: | Општинските основни училишта во Општина Карпош |
| Предвидена финансиска рамка: | 200.000,00 денари |
| Трошоци: | Финансиски средства за општинските основни училишта |

| 11. | **Меѓуетничка интеграција на младите во образованието<br>Реализатор: Општина Карпош** |
|---|---|
| Опис на активности: | Општина Карпош ја поддржува меѓуетничката интеграција со финансиска помош на општинските основни училишта на територија на Општина Карпош. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои што има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција помеѓу учесниците на различни етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група, соработуваат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици рамноправен третман на учесниците од сите етнички/јазични групи, постигнување конкретни заеднички цели со учество на сите застапени етнички заедници спроведувајќи ги планираните активности. |
| Стратешки насоки и цели: | Градење на свесност за меѓуетничка интеграција преку разновидни обуки, организирање на спортски игри, квизови на знаење, поттикнување на соработката и дружењето помеѓу учениците со збратимените училишта во кој наставата се одвива на македонски и на јазици кои се говорат во училиштата.<br>-целта е прифаќање на различностите и сузбивање на стереотипите и предрасудите, помеѓу учениците во општинските училишта. |
| Очекувани резултати: | -Зголемување на меѓуетничката кохезија помеѓу учениците во општинските основни училишта.<br>- Реализирање на заеднички ученички спортски активности, забавни игри, културни работилници |
| Целна група: | Учениците и наставниците од основните училишта |
| Предвидена финансиска рамка: | 100.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **Трошоци:** | По 10.000,00 денари за секое општинско основно училиште на територија на Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| 12. | Хорски натпревар меѓу училиштата<br>Реализатор: Општина Карпош |
| **Опис на активности:** | Училишните хорови на основните општински училишта на територија на Општина Карпош се формирани во училиштата од страна на наставникот по музичко образование. Истите работат континуирано во текот на целата учебна година одржувајќи проби и подготвувајќи композиции во хорска изведба.<br>Проектот Хорски натпревар меѓу училиштата, како круна на годишната работа на хоровите е предвидено да се одржи во просториите на едно од основните општински училишта на територија на Општина Карпош каде со награди ќе се закитат трите најдобри хорови. Мотивирачки е тоа што на овој натпревар за освојување награда ќе се борат и музичките педагози од основните училишта преку хорот со кој континуирано работат.<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Зголемување на соработката и дружењето помеѓу учениците и училиштата од Општина Карпош и мотивирање за поголеми успеси на ниво на училиште |
| **Очекувани резултати:** | -Развивање на уметнички и натпреварувачки дух кај учениците<br>-Ослободување од трема за сценски настап |
| **Целна група:** | Учениците од училишните хорови од општинските основни училишта на територија на Општина Карпош и нивните ментори |
| **Предвидена финансиска рамка:** | **40.000,00 денари** |

| | |
|---|---|
| Трошоци: | -<u>Награди</u> (10.000,00 ден - прво место и 8.000,00 ден - второ место)<br><br>- озвучување<br><br>- негазиран пијалок за учесниците |
| Овластување | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас<br>- Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

| 13. | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош<br>„Карпош има талент“<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | Активности од учениците по повод роденденот на општината како што се манифестацијата Карпош има талент. Во одбележувањето на денот на општината земаат учество сите училишта со што се претставуваат со по еден настап (пеење, танцување, глума, рецитал, свирење на инструмент и др.)<br>Изборот за наградените училишта ќе го врши Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата. |
| Стратешки насоки и цели: | Стимулирање на креативноста и талентот кај учениците, поттикнување натпреварувачки дух, дружење и забава |

| | |
|---|---|
| | меѓу најмладите, социјализација и сл. |
| Очекувани резултати: | -Заинтересираност за учество кај учениците<br>-Мотивираност за негување на талентите и<br>-Фер натпреварување и развивање на другарството помеѓу децата |
| Целна група: | Учениците од општинските основни училишта од Општина Карпош, наставниците и родителите |
| Предвидена финансиска рамка: | 150.000,00 денари |
| Трошоци: | **Карпош има талент**<br>-<u>Награди </u>за најдобрите три учесници (9.000,00ден -прво место, 6.000,00 ден- второ место и 3.000,00 ден- трето место)<br>- 18.000,00 денари + вклучен персонален данок<br>-Други активности<br>Изнајмување сала, украсување, озвучување, дипломи и пофалници, водител |

| | |
|---|---|
| 14. | Одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош<br>Избор на најдобра литературна творба<br>Реализатор: Општина Карпош |
| Опис на активности: | По повод одбележување на годишнина од формирање на Општина Карпош, општината предвидува „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА“. Право на учество имаат сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош кои ќе достават по 1 (една) литературна творба (поезија или проза), од ученици од прво до петто и по една од шесто до деветто одделение од сите општински основни училишта на територија на Општина Карпош. За оваа активност секое општинско основно училиште согласно нивни утврдени критериуми формира комисија за избор на 1 (една) најдобра |

| | |
|---|---|
| | литературна творба од училиштето која ќе ја достави до Општина Карпош, во затворен плик, со назнака за „Избор на најдобра литературна творба“ на тема „ОПШТИНАТА ОД МОИТЕ СОНИШТА“, со назив на училиштето. Членовите на училишната комисија треба да се од наставниот кадар, наставници по одделенска настава или наставници по македонски јазик, избрани од Наставнички совет на ООУ.<br>За Избор на најдобра литературна творба ќе одлучува Комисија составена од 3 (тројца) членови на Советот на Општина Карпош и 2 (двајца) вработени во администрацијата.<br>За изборот на најдобра литературна творба согласно литературниот конкурс ќе се доделат 3 (три) награди за ученици од прво до петто одделение (одделенска настава) и 3 (три) награди за ученици од шесто до деветто одделение (предметна настава).<br><br><u>Награди за литературна творба за одделенска настава:</u><br>Прва награда диплома и решение за исплата 4000 денари<br>Втора награда диплома и решение за исплата 3000 денари<br>Трета награда диплома и решение за исплата 2000 денари<br><u>Награди за литературна творба за предметна настава:</u><br>Прва награда диплома и решение за исплата 4000 денари<br>Втора награда диплома и решение за исплата 3000 денари<br>Трета награда диплома и решение за исплата 2000 денари |
| Стратешки насоки и цели: | Стимулирање на креативноста и талентот за пишување кај учениците и поттикнување на натпреварувачки дух |
| Очекувани резултати: | -Поттикнување и откривање на талентот за пишување кај учениците<br>-Мотивирање и можност за развивање на талентот<br>-Дружење меѓу учениците |
| Целна група: | Учениците од општинските основни училишта под ингеренција на Општина Карпош |
| Предвидена финансиска | 100.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| **рамка:** | |
| **Овластување** | Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази.<br>Овластувањето подразбира:<br>- Донесување Одлука ,<br>- Објава на јавен оглас<br>- Формирање на комисија по претходна верификација на членови од Советот од Советот<br>- Записник<br>- Извештај<br>- Одлука за определување<br>- Известување за избор<br>- Решенија за исплата<br>-Донесување и други акти во врска со предметната постапка |

| 15. | Креативен центар Карпош<br>Реализатор: Општина Карпош |
|---|---|
| Опис на активности: | - Организацијана најмалку по една работилница во секоја од единиците на КЦК во училиштата чиј основач е општина Карпошитоа:<br><br>- Произведувамехрана<br><br>- Штојадеме, штопиеме?<br><br>- Приказни за ДНК и гените<br><br>- Тајните на дизајнот<br><br>- Светот на роботите и дроновите<br><br>- Различниизвориенергија<br><br>- Создаваме музика |

| | |
|---|---|
| | - Дружење со ѕвездите<br>- Магичнахемија<br>- Ние сме пиротехничари, непиромани<br>- Кралството на габите во Карпош<br>- Растенијата – фабрики за кислород<br>- Млади карпошеви копаничари<br>- Културното наследство на Карпош<br>- Животинскиот свет на Водно и Вардар<br>- Организација на обуки за наставници за професионален развојод различни области за потребите на наставниците во насока на подобрување на образовниот процес (Обука за наставниците по иновации според CEFE методологија за развивање на вештини и компетенции)<br>- Изработка на сетови за експериментирање по одделни предмети за сите ученици во општинските основни училишта во Карпош<br>- Организацијана КЦК истражувачки караван кој епосети други општини со што би се споделувале искуствата од функционирањето на КЦК<br>- Изработка на пропаганден материјал (маици, капи, беџови, нотеси, брошура, леток)<br>- Набавка на нова опрема за потребите на единиците во рамки на КЦК.<br>Учество на конкурси за финансирање на образовни и истражувачки проекти за ученици од општина Карпош од домашни и меѓународни извори |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати: | - Вклучување на над 300 ученици во реализација на работилниците во центрите за: за производство и контрола на храна; дизајн и роботика; климатски промени и енерегетска ефикасност; аудио-визуелни уметности; заштита на животна средина; раковотворби; културно наследство; зоологија; астрономија; ботаника и микологија<br>- Учество на најмалку 20-ина наставници во реализација на работилниците<br>- Посета на најмалку 5 скопски општини заради споделување на искуствата од функционирањето на КЦК<br>- Набавка на дополнителна опрема која ќе може да се користи и во текот на редовната настава во општинските основни училишта во Карпош<br>- Изработка на над 200 експериментални сетови за хемија со кои би експериментирале сите ученици од предметна настава во општина Карпош |
| Целна група: | Учениците и наставниците од предметна настава од основните училишта на територија на општина Карпош и тоа: „Братство“, „Јан Амос Коменски“, „ВладоТасевски“, „Димо Хаџи Димов“, „Аврам Писевски“, „Петар Поп Арсов“, „Војдан Чернодрински“, „Христијан Тодоровски – Карпош“, „Лазо Тропвски“ и „ВераЦиривири – Трена“.<br><br>- |
| Предвидена финансиска рамка: | 300.000,00 денари |
| Трошоци: | Организација на работилници 80.000 ден.<br>Организација на обуки за наставници 20.000 ден.<br>Изработка на сетови за експериментирање 50.000 ден.<br>Организација на караван 20.000 ден.<br>Пропаганден материјал 20.000 ден.<br>Набавка на опрема 65.000 ден.<br>Потрошен материјал 30.000 ден.<br>Оперативни трошоци 15.000 ден.<br>ВКУПНО 300.000 ден. |

| 16. | **Ослободување од плаќање месечен надомест за ужинка/топол оброк на ученици – деца на бранители во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош<br>Реализатор: Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Оваа активност се предвидува согласно Одлуката за ослободување или процентуално намалување на давачки и надомести кон Општина Карпош за бранителите од Општина Карпош донесена од Советот на Општина Карпош со бр.09-8890/16 од 07.12.2022 година, За ослободување од плаќање месечен надомест за топол оброк (целодневна настава и дневен престој) во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош и ослободување од плаќање месечен надомест за ужинки во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош. Секторот за дејности од јавен интерес-Одделение за образование се задолжени да ја достави оваа одлука до општинските основни училишта, со цел реализирање на истата преку училишните одбори. Училиштата да достават список на ученици на бранители до општината и до правните лица кои го подговтуваат топлиот оброк/ужинката а правните лица да изготвуваат месечни фактури кон Општина Карпош за реализираните топли оброци/ужинки за учениците – деца на бранителите во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош. |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Поддршка на бранителите<br>- Заслуги во одбраната на татковината |
| **Очекувани резултати:** | Финансиска помош на семејствата |

| | |
|---|---|
| Целна група: | ученици – деца на бранителите во општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош |
| Предвиденафинансискарамка: | 200.000.00 |
| Трошоци | Плаќање на фактури на правно лице за трошоци за топол оброк и ужинки |

**Вкупна предвидена финансиска рамка:15.440.000,00 (петнаесет милиони четиристотини и четириесет илјади денари)**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 15.440.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои согласно потребите ќе се појават во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски од Буџетот на Општина Карпош.

## IV. Завршни одредби

Одделението за образование со Секторот за дејности од јавен интерес и Секторот за Финансии и Јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата може да биде дел од било кој Сектор на Општината во непосредна соработка со Секретарот и Градоначалникот.

Број: 09-1417/8
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2023 година**

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2023 година, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/3**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 137, член 138 и член 140 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023година, донесе

# ПРОГРАМА
## за работа на Советот на Општина Карпош за 2023 година

Советот на Општина Карпош Годишната програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2023 година ја донесува врз основа на позитивните законски прописи со кои се регулираат надлежностите на работата на Советот, како и врз основа на Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021) и Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006).

Во годишната програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2023 година се внесени предлозите кои се дадени од страна на членовите на Комисијата за изработка на оваа Програма, Градоначалникот на Општина Карпош, општинската администрација, Јавните установи општински детски градинки од територијата на Општина Карпош, Општинските основни училишта од територијата на Општина Карпош и Полициската станица од општа надлежност-Карпош.

Во Годишната Програма за работа на Советот на Општина Карпош можат да бидат внесени и предлози дадени од страна на здруженија на граѓани, како и од страна на  други заинтересирани субјекти.

Во Годишната Програма за работа на Советот на Општина Карпош се наведени називите на одлуките и другите општи акти и прашања и теми што ќе ги разгледува Советот на своите седници, субјектите кои се задолжени за нивно изготвување, предлагачот на актите и другите документи, како и роковите кога тие документи треба да се разгледаат и донесат.

Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2023 година е отворена и може да се менува и дополнува во зависност од актуелноста на прашањата кои што ќе бидат предложени за разгледување, на начин и постапка како што е донесена.

I.

1. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА – ЧЕТВРТИ КВАТРАЛ (01.01.2022 година-31.12.2022 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: втора половина на јануари/прва половина на февруари 2023 година

2. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

3. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ:Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за просторно и урбанистичко планирање
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

4. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ ОД 01.01.2022-31.12.2022 ГОДИНА КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ, СО КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор Инспекторат
РОК: 31.03.2023 година

5. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор Развој
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

6. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА ЕКОЛОГИЈАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната средина и природата
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

7. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности – Одделение за социјална, детска и здравствена заштита
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

8. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности-Одделение за образование
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

9. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт и култура
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

10. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Комисијата за култура
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

11. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 46-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работа на градоначалникот на Општина Карпош
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

12. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТИТЕ ВО ОДНОС НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОЛИЦИСКАТА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ-КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ:
Полициска станица од општа надлежност Карпош
РОК: јануари 2023 година

13. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА РАЗВОЈОТ НА МЕСНАТА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за поддршка на работата на
Градоначалник
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

14. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛАНИ ДОБРА ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за поддршка на работата на Градоначалник
РОК: јануари 2023 година/прва половина на февруари 2023 година

15. ОДЛУКА ЗА ОТПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ПО ИЗВРШЕНИОТ ПОПИС ЗА 2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: јануари 2023 година/февруари 2023 година

16. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за спорт и култура
- Одделение за спорт

РОК: јануари 2023 година/февруари 2023 година

17. ПРОРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Комисија за изработка на програма за работа на Советот на Општина Карпош за 2023 година
ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
РОК: јануари 2023/февруари 2023 година

18. ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: февруари 2023/март 2023 година

19. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: февруари/март 2023 година

20. БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: декември 2023 година

21. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022 ГОДИНА – ПРВ КВАТРАЛ (01.01.2023 година-31.03.2023 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: април 2023 година

22. ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА-НАГРАДИ НА 10 УЧЕНИЦИ ПРВЕНЦИ НА ГЕНЕРАЦИЈА ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за култура и образобание
Одделение за образование
РОК: мај/јуни 2023 година

23. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА – ВТОР КВАТРАЛ (01.04.2023 година-30.06.2023 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: јули 2023 година

24. МИСЛЕЊА НА ПРОГРАМИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Општинските основни училишта
РОК: август 2023 година

25. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022-2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Општинските Основни Училишта
РОК: септември 2023 година

26. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2022-2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Општинските основни училишта
РОК: септември 2023 година

27. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Јавните Установи Општинските Детски Градинки
РОК: септември 2023 година

28. ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ОПШТИНСКИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ И ИЗГОТВУВАЧ
Јавните установи општинските детски градинки
РОК: септември 2023 година

29. ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА – ТРЕТ КВАТРАЛ (01.07.2023 година-30.09.2023 година)

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: октомври 2023 година

30. ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ НА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес
Одделение за образование
РОК: октомври 2023 година

31. ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ-ПОЕДИНЦИ ВО СФЕРАТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ ЗА 2022-2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за култура и спорт
Одделение за спорт
РОК: октомври 2023 година

32. РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: Во текот на 2023 година
најдоцна до 15 ноември 2023 година

33. ПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанистичко и
просторно планирање
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

34. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОБЛАСТА НА ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за информатичка технологија
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

35. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ВО ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Комисија за еднакви можности меѓу
жените и мажите
РОК: декември 2023 година

Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

36. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ДЕТСКАТА, СОЦИЈАЛНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности – Одделение
за социјална, детска и здравствена заштита
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

37. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА СПОРТ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за спорт и култура
Одделение за спорт
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

38. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната
средина и природата
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

39. ПРОГРАМА ЗА ДЕЈНОСТА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес

- Одделение за образование

РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

40. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор развој
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

41. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА И ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОТ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за заштита на животната
средина и природата
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

42. ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО РАЗВОЈОТ И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА МЕСНАТА САМОУПРАВА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на
Градоначалникот – Одделение за развој и

унапредување на месната самоуправа
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

43. ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 48-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на
Градоначалникот
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

44. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за поддршка на работата на Градоначалникот – Одделение за заштита и спасување на граѓани
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

45. ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕДОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДДРЖУВАЊЕ И ЗИМСКО ОДДРЖУВАЊЕ НА СЕРВИСНИ И СТАНБЕНИ УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно
земјиште и комунални работи
РОК: декември 2023година

Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

46. ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за уредување на градежно
земјиште и комунални работи
РОК: декември 2023 година
Предлог-Програмата се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

47. БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: декември 2023 година
Предлог-Буџетот се доставува до членовите на Советот во Нацрт верзија до 15 ноември 2023 година

48. ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2024 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: декември 2023 година

49. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2024 ГОДИНА
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања
РОК: декември 2023 година

50. ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ЛИЦА СО ХЕНДИКЕП ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАРПОШ ПО ПОВОД 3-ТИ ДЕКЕМВРИ – ДЕНОТ НА ЛИЦАТА СО ХЕНДИКЕП ЗА 2023 ГОДИНА

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за дејности од јавен интерес
-одделение за социјална
детска и здравствена заштита
РОК: октомври-ноември 2023 година

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Карпош
ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за просторно и урбанистичко планирање и проектирање
РОК: во текот 2023 година

## III. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 01 - СРЕДНО НЕРЕЗИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
2. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
3. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
4. ДУП ЗА БЛОК Ј 03.04, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, ОПШТИНА КАРПОШ
5. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОК Ј 03.06, ДЕЛ ОД ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 03, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
6. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03 – ТРН ДОЛ, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ
7. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј 02, ПОТЕГ ПОМЕЃУ ЖДАНЕЦ И НЕРЕЗИ, ЛОКАЛИТЕТИ А, Б И В, ОПШТИНА КАРПОШ-СКОПЈЕ
8. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З02, БЛОК З02.02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
9. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З09, БЛОК 10, ОПШТИНА КАРПОШ
10. ДУП ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 18 ВО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 09, ПОМЕЃУ БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ, УЛ. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ, БУЛ. М.Т.ГОЛОГАНОВ И БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, ОПШТИНА КАРПОШ

11. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БЛОК 8 ОД ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
12. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
13. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 5, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
14. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 6, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
15. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 08, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
16. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 06, БЛОК 11, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
17. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07, БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ
18. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 07 , БЛОК 3, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
19. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 19, ОПШТИНА КАРПОШ
20. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26 БЛОК 01, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
21. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ26, БЛОК СЗ 26.05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
22. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССИ 03, БЛОК 06, ОПШТИНА ЧАИР, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
23. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ (ПО НОВ РПЧ)
24. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК ССЗ 01.04, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
25. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 04, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
26. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 02, БЛОК 05, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
27. ДУП ЗА БЛОК 4 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС15 - КРИВИ ДОЛ, КО КАРПОШ, ОПШТИНА КАРПОШ

MКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



28. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ЦС 15 – КРИВИ ДОЛ, БЛОК 8, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
29. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, БЛОК Ј03.09, ОПШТИНА КАРПОШ
30. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј03, БЛОК Ј03.11, ОПШТИНА КАРПОШ
31. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З04, БЛОК З04.04, ОПШТИНА КАРПОШ
32. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З04, БЛОК З04.03 ОПШТИНА КАРПОШ
33. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З04, БЛОК З04.06 ОПШТИНА КАРПОШ
34. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ01, БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
35. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 5 ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
36. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, БЛОК 2 ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
37. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 08, БЛОК 08,
38. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 01 БЛОК 03 ВО ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
39. ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 08 БЛОК 06, ОПШТИНА КАРПОШ
40. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 26, БЛОК СЗ 26.02, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
41. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 03, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
42. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ Ј04, ОПШТИНА КАРПОШ
43. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З06, БЛОК 10 - ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ
44. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З08, БЛОК 7 - ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ
45. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 09, ПОМЕЃУ БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ, УЛ. ФРАНКЛИН РУЗВЕЛТ, БУЛ. М.Т.ГОЛОГАНОВ И БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, ОПШТИНА КАРПОШ – СКОПЈЕ
46. ДУП ЗА БЛОК ССЗ 01.10, ГРАДСКА ЧЕТВРТ ССЗ 01, ОПШТИНА КАРПОШ - СКОПЈЕ

## V. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО

1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ, РАЗРАБОТКА НА БЛОК 42, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ
2. ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПС БАРДОВЦИ – РАЗРАБОТКА НА БЛОК 10, КО БАРДОВЦИ, ОПШТИНА КАРПОШ
3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО БАРДОВЦИ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА БЛОК 12, ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ
4. ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА БЛОК 2 И БЛОК 3 ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ССЕЛО БАРДОВЦИ, РАЗРАБОТКА НА БЛОКОВИ 1, 2, 3, 4 ,5 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 И 18

## VI. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ

1. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 63 ОД ЗАКОН ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ БР. 32/20)
2. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЗАКОН ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (СЛ. ВЕСНИК НА РСМ БР. 32/20), СО ИСКЛУЧОК НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ СОГЛАСНО ЧЛЕН 58 СТАВ 2 И ЧЛЕН 58 СТАВ 6 ОД ПРЕТХОДНО НАВЕДЕНИОТ ЗАКОН.

## VII. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Во текот на годината, во зависност од потребите оваа Програма може да претрпи измени и дополнувања.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

Број: 09-1417/9
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Аврам Писевски “, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје, донесено на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/4**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22); член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бе.143/19 и 14/20); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06) и член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019 и 229/2020), Барањето бр.09-5137/1 од 17.06.2022 година (арх.заверка во училиштето бр.04-149 од 15.06.2022 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28. Февруари 2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош бр.04-45 од 16.02.2023 година, донесен од директорот на училиштето.

2. Се задолжува Одделението за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош примерок од ова решение да достави до Секторот за дејности од Јавен интерес-Одделение за образование и до ООУ„Аврам Писевски“ Општина Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-1417/10**
**Датум:28.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош-Скопје

1. Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош-Скопје, донесено на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/5**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22); член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бе.143/19 и 14/20); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06) и член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019 и 229/2020), Барањето бр.09-5155/1 од 17.06.2022 година (арх.заверка во училиштето бр.03-341 од 17.06.2022 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишен план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена “, Општина Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Вера Циривири Трена“, Општина Карпош бр.04-43 од 27.01.2023 година, донесен од директорот на училиштето.

2. Се задолжува Одделението за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош примерок од ова решение да достави до Секторот за дејности од Јавен интерес-Одделение за образование и до ООУ„Вера Циривири Трена“ Општина Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-1417/11**
**Датум:28.02.2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „ Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „ Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје, донесено на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/6**
**Датум: 06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22); член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бе.143/19 и 14/20); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06) и член 84 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019 и 229/2020), Барањето бр.09-5108/1 од 16.06.2022 година (арх.заверка во училиштето бр.04-278/2 од 15.06.2022 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28.02.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на годишниот план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општинското основно училиште „Владо Тасевски“, Општина Карпош бр.04-34/1 од 31.01.2023 година, донесен од директорот на училиштето.

2. Се задолжува Одделението за поддршка на работата на Советот на Општина Карпош примерок од ова решение да достави до Секторот за дејности од Јавен интерес-Одделение за образование и до ООУ„Владо Тасевски“ Општина Карпош-Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-1417/12
Датум: 28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ – Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ – Скопје, донесено на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1760/7
Датум: 06.03.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 26, став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), член 32 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/05, 120/05 и 51/11) и член 190, член 191, член 192 и член 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), како и Барањето бр.09-1353/2 од 21.02.2023 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28.02.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ – Скопје**

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“, Општина Карпош Скопје, бр.02-110/4 од 06.06.2022 година, донесена од Училишниот одбор на ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“,Скопје.

2. Решението да се достави до Општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ – Скопје и до Училишниот одбор на Општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“ Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09–1417/13**
**Датум: 28.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник во Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за спогодбено преземање на административен службеник во Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1760/8
Датум: 06.03.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 44 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16 35/18 и 198/18 и “„Службен весник на Република Северна Македонија” бр.143/19 и 14/20), Советот на Општина Карпош на дваесет и втората седница, одржана на 28.02.2023 година, донесе

ОДЛУКА

**за давање на согласност за спогодбено преземање на административен службеник во Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за спогодбено преземање на административен службеник на наведеното работно место:

-**Раководител на Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи** – шифра - **УПР0101Б02000** -, ниво Б02 – 1 извршител.

**Член 2**

За оваа намена се предвидени финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-417/14**
**Датум: 28.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за кофинансирање на проектот „Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човековата околина“**

1. Се објавува Одлуката за кофинансирање на проектот „Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човековата околина“, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/9**
**Датум: 06.03.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, тока 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со проектот **„Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човековата околина“**, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28.02.2023 година, донесе

## ОДЛУКА
## за кофинансирање на проектот „Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човековата околина“

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за кофинансирање на проектот **„Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човековата околина“**, за кој општината ќе поднесе апликација преку Скопски плански регион, за добивање на грант од Бирото за регионален развој, но во партнерство со Општина Кисела Вода, Сопиште и Зелениково. Станува збор за проект кој вклучува поставување на фотонапонски модули на кровни површини во основните училишта на територија на Општина Кисела Вода, Општина Карпош, Општина Сопиште и Општина Зелениково - Скопје (изработка на Основен проект за изведба на он-грид фотонапонски систем до 20kW по училиште со поставување на фотонапонски модули на кровни површини на училиштата и нивно поврзување во системот).

Двете основни училишта кои ќе бидат дел од овој проект се: ООУ "Владо Тасевски" и ООУ "Војдан Чернодрински".

Вкупната вредност на целата инвестиција заедно со изработка на основен проект се очекува да не ја надмине вредноста од 12.448.720,00 денари, додека вредноста за двете основни училишта кои се наоѓаат на територија на Општина Карпош се проценува на 2.400.000,00 денари.

Кофинанисрањето е 1.000.000,00 денари од страна на Општина Карпош и истото би се реализирало по добивање на поднесениот проект.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Општина карпош“.

Број: 09-1417/15
Датум: 28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од ПЗУ Нерези Медика на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од ПЗУ Нерези Медика на Општина Карпош, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1760/10
Датум: 06.03.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22 став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28.02.2023 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА
## за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од ПЗУ Нерези Медика на корисник Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност да се промени корисникот на електричното броило **од ПЗУ Нерези Медика на корисник Општина Карпош.**

### Член 2

Врз основа согласноста дадена во став 1, се менува титуларот, односно се менува корисникот од корисник **ПЗУ Нерези Медика во корисник на Општина Карпош.**
-број на корисник 000038934, место на потрошувачка 104103155000, адреса на потрошувачко место ул.Ванчо Мицков бр.19 А/2 Карпош-Скопје.

### Член 3

Се задолжува Одделението за енергетска ефикасност при Секторот екологија и енергетска ефикасност да поднесе барање до ЕВН за завршување на постапката.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-1417/16**
**Датум:28.02.2023 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за разрешување,именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување, именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје, донесено на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/11**
**Датум: 06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-458/15 од 20.02.2023 година и Барањето бр.11-458/16 од 22.02.2023 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28.02.2023 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за разрешување,именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“ Општина Карпош-Скопје

1. Се констатира разрешување на претставниците предложени и именувани од Советот на родители и верификувани од Советот на Општина Карпош, од членови на училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“-Скопје:

- Дејан Давитков, поради нередовно присуство
- Елена Гаџовска, поднесена оставка поради лични причини

2. За членови на училишниот одбор на ООУ „Војдан Чернодрински“ предложени и именувани од Советот на родители, Советот на Општина Карпош ги верификува:

- Александра Груевска Дракулевска, назначена со решение бр.02-35/2/4 од 02.02.2023 година
- Љупчо Милошевски, назначена со решение бр.08-68/3 од 08.02.2023 година

3. Се констатира разрешување на претставниците од редот на наставниците, воспитувачите и стручните соработници, предложени и именувани од Наставнички совет и верификувани од Советот на Општина Карпош, од членови на училишниот одбор на општинското основно училиште „Војдан Чернодрински“-Скопје:

- Татјана Неческа, поднесена оставка поради лични причини, Решение бр.02-31/1 од 01.02.2023
- Росе Донева Ристујчин, поднесена оставка поради лични причини, Решение бр.02-31/2 од 01.02.2023
- Александра Антевска, поднесена оставка поради лични причини, Решение бр.02-92/2 од 21.02.2023

4. За членови на училишниот одбор на ООУ „Којдан Чернодрински“ предложени и именувани од Наставничкиот совет од редот на наставниците, воспитувачите и стручните соработници, Советот на Општина Карпош ги верификува:

- Марија Цакиќ, специјален едукатор и рехабилитатор назначена со решение бр.02-31/3 од 01.02.2023 година
- Марио Лазаров, предметен наставник по музичко образование назначен со решение бр. 02-31/4 од 01.02.2023.
- Катерина Костовска, одделенски наставник, назначена со решение бр.02-92/3 од 21.02.2023 година

5. Се констатира дека членот на училишен одбор Мартин Домби е именуван и верификуван од основачот-Советот на Општина Карпош со Решение бр.09-420/38 од 06.02.2023 година, со мандат согласно закон.

6. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-1417/17
Датум: 28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт, донесено на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-1760/12
Датум:06.03.2023 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 32; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002); член 39, став 1, точка 8; член 40; член 41 и член 43 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023); член 123, став 1, точка ж и член 151, а во врска со член 131 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**

1. Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на Претседател и членови на Комисијата за спорт бр.09-7359/13, донесено на првата – конститутивна седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12.11.2021 година.

2. Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што точката 2 се брише и се додава нова точка 2 која гласи:

За членови на Комисијата од точка 1 на ова Решение се избираат:

- Марјан Стефановски
- Давор Грче
- Славко Митевски
- Дејан Лазаревски
- Јахји Мемедов

За Претседател на Комисијата за спорт се избира Дејан Лазаревски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-1417/18
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Локална стратегија за млади**
**на Општина Карпош за период од 2023 година до 2027 година**

1. Се објавува Локалната стратегија за млади на Општина Карпош за период од 2023 година до 2027 година, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/13**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 9, став 1 и член 20 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), како и Одлуката за давање согласност за потпишување Меморандум за соработка помеѓу Општина Карпош и Коалиција на младински организации СЕГА бр. 09-7370/4 од 22.09.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 16/2022), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

**Локална стратегија за млади**
**на Општина Карпош за период од 2023 година до 2027 година**

ОПШТИНА КАРПОШ

**2023 - 2027**

## СОДРЖИНА

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 78

ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА ........ 81

1. Анализа на состојбата ........ 82

1.1. Профил на млади во Општина Карпош ........ 89

1.2. Анализа на политички, економски, општествени, правни, технолошки и еколошки фактори (PESTLE) ........ 91

1.3. Анализа на засегнати страни ........ 92

1.4. Анализа на капацитетите т.е. на силните и слабите страни, можностите и заканите во работењето (SWOT) ........ 94

2. СТРАТЕШКА РАМКА ........ 95

3 Управување со ризици ........ 107

4 Мониторинг и евалуација на стратегијата ........ 108

5 Комуникација и односи со јавност ........ 109

Членови на работната група за изработка на Стратегија за млади на Општина Карпош 2023 - 2027 ........ 111

6 Прилог 1: Акциски план со индикативен финансиски план (2023 година)**Error! Bookmark not defined.**

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Карпош во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА спроведе процес на креирање на Стратегија за млади на Општина Карпош за период 2023 – 2027 година, во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Подготовката на оваа стратегија е поддржана во рамките на Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, финансиран од Европската Унија. Проектот го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА во партнерство со СОС Детско Село, Волонтерски Центар Скопје и Женски Форум Тетово. Општина Карпош беше избрана како една од четирите општини каде ќе се поддржи креирање на стратегии за млади, заедно со Општина Кисела Вода, Општина Гостивар и Општина Битола. При процесот на креирање на стратегијата, експертска поддршка обезбеди консултантската компанија „Стратешки Менаџмент Системи“.

Во почетокот на месец септември 2022 година, беше одржана обука за избраните фасилитатори за спроведување на процесот на креирање стратегии за млади, на која присуствуваше и службеникот за млади на Општина Карпош. На обуката беше пренесена методологијата за подготовка во согласност со дефинираните приоритети од Националната Стратегија за млади 2023 – 2027 година.

Првата активност која беше спроведена, од методолошки аспект, беше истражувањето на јавното мислење, кое се спроведуваше паралелно во сите четири општини-корисници на оваа компонента од проектот. Истражувањето беше спроведено и на територија на Општина Карпош, во периодот од крајот на септември до втората половина на октомври. Финалната бројка на млади луѓе, на возраст од 15-29 години, кои активно учествуваа во истражувањето и го пополнија целосно прашалникот изнесува вкупно 122 испитаници. Кратки информации за најважните наоди добиени од истражувањето на младинските трендови и потреби се содржани во сегментот Анализа на состојбата, составен дел на овој документ.

Согласно утврдената методологија, паралелно се спроведуваа и планираните интервјуа со Градоначалникот на Општина Карпош, г-дин Стевчо Јакимовски, и претставник на локална невладина организација која спроведува активности со млади Идеа Центар – Љупчо Велковски.

Наодите добиени од интервјуата се содржани во целокупната анализа во истражувањето на младинските трендови и потреби.

Следна активност беше спроведување на фокус група, која во случајот на Општина Карпош се реализираше на 3-ти Октомври 2022 година. На фокус групата беа навремено поканети сите значајни општествени чинители, за да дадат своe видување и придонес во процесот на анализа на состојбата. На фокус групата активно учествуваа:

- ✓ Службеник за млади во Општина Карпош
- ✓ Претставник на Унија на млади сили (УМС) на ВМРО-ДПМНЕ
- ✓ Претставник на младинска организација на Црвен Крст
- ✓ Претставник на Клуб на извидници
- ✓ Младински активист
- ✓ Претставник на студентска организација

После спроведувањето на претходните методолошки чекори, следуваше и организацијата на работилници на работната група за креирање на Стратегија за млади на Општина Карпош. Работната група беше составена од: претставници на локалната администрација, службеникот за млади, претставници на политичките подмладоци, подмладоци на национални граѓански организации, претставници на младински и организации за млади, Полициска станица (ПС) Карпош, студентски организации, младински активисти, како и фасилитаторите на процесот. Работната група одржа вкупно четири работилници, во текот на ноември 2022 година. Меѓу останатите заклучоци и содржина, кои се дел од целокупниот текст на предложената стратегија, работната група едногласно одлучи дека во стратегијата треба да бидат опфатени сите осум национални приоритети за млади.

Во текот јануари 2023 година се одржа и финалната активност во процесот на креирање на стратегијата, односно јавна расправа по креираните драфт документи. Документите, заедно со јавниот повик за учество на расправата, беа објавени на сите гласила на општината, еден месец пред одржувањето на настанот.На јавната расправа учествуваа претставници на советот на општината, средните и основните училишта, локални организации, граѓани, како и други активни субјекти на територија на општина Карпош.

Документот е сеопфатен и вклучува главна цел, како и специфични цели, резултати и мерки, за секој од осумте приоритети. Како надополнување, акцискиот план за 2023 години содржи конкретни активности за остварување на дел од целите на стратегијата. Главен носител на стратегијата, која е предвидена за периодот 2023-2027 година ќе биде Локалниот Младински Совет

на Општина Карпош (ЛМСОК). ЛМСОК ќе биде надлежен и за евалуација на спроведениот акциски план во 2023 година и креирање на нови акциски планови за следните години.

Како што наведува и самата цел на стратегијата, се надеваме дека со нејзиното успешно спроведување, ќе успееме да го подобрување на квалитетот на животот на младите и ќе ги поттикнеме да станат самостојни активни граѓани вклучени во процеси на донесување на добро информирани одлуки.

ПРОФИЛ НА ОПШТИНАТА

Општина Карпош е урбана општина која што претставува дел од Град Скопје, формирана на 3 ноември 1976 година со Законот за формирање на општини на Град Скопје и за утврдување на нивните подрачја („Службен весник на СРМ" бр.8/76). Таа е поделена на 14 месни заедници, од кои 2 се рурални единици а 12 се урбани заедници.

Со име од големо историско значење, Општина Карпош се наоѓа во централно-западниот дел на Град Скопје, се простира на 35 км2 и на надморска височина од 362 м. Меѓу природните ресурси, може да се набројат реките Вардар и Лепенец кои течат низ општината, и планината Водно која навлегува на нејзината територија.

Населението на општината е мешовито, вкупен број на граѓани според последниот попис изнесува вкупно 63 760 граѓани, од кои 51 609 се Македонци, 14 146 Албанци и 5 236 припаѓаат на останатите малцински групи.

Во поглед на образовни институции и институции за деца, под надлежност на Општина Карпош спаѓаат 4 државни детски градинки и 10 државни основни училишта. Иако останатите образовни институции не се во надлежност на општината туку на Град Скопје, сепак е важно да се напомене дека општината е домаќин на 5 средни училишта и 3 приватни средни училишта, 5 приватни градинки, 6 државни факултети кои се дел од УКИМ “Кирил и Методиј и 2 приватни факултети, 1 студентски дом, 1 ученички дом и Дом за постдипломци.

Во поглед на здравствените домови, на територија на Општина Карпош граѓаните ги опслужуваат 165 здравствени установи од кои 13 се јавни установи и 132 приватни. Исто така, на територијата на општината постојат и најголемите две приватни болници.

Општината може да се пофали со богата културна сцена со програма исполнета со театарски претстави, фестивали, концерти итн. Објектите во оваа област кои се наоѓаат во општината се Драмски театар, Кинотека на Македонија сместена во Библиотеката „Другарче“, Амфитеатар – на кејот на реката Вардар, античкото наоѓалиште Скупи, Манастирот „Св. Пантелејмон. Покрај културните објекти, општината е богата и со културно-историски споменици и наоѓалишта.

Како општина посветена на спортските активности, Карпош располага со три спортски сали: сала “Борис Трајковски”, сала “Партизан”, сала “Форца”, еден покриен базен “Борис Трајковски”, деветнаесет спортски игралишта и четириесет и пет детски игралишта. Во општината, подржани од општината и активни се училишните лиги за фудбал, кошарка, одбојка и шах. Најпознат спортски настан е меморијалниот турнир во мал фудбал „Оливер Соколов – Сокол“ кој веќе 18 години се одржува со поддршка на општината.

На поле на локалната економија, на територија на Општина Карпош делуваат над 3.140 економски субјекти од кои 1.124 во трговија на големо и мало, 67 во гранката на образование, 111 уметност, забава и рекреација, 502 стручни, научни и технички дејности итн. Најважни стопански гранки во општината се хемиската индустрија, транспортот и шпедицијата, градежништвото, прехранбената индустрија и производството на безалкохолни пијалаци, трговската и услужната дејност.

Градоначалник на Општина Карпош со мандат 2021-2025 е Стевчо Јакимовски. Ова е четврт мандат на Градоначалникот по првиот мандат во 2000 година и консекутивните два мандати во 2009 и 2013 година.

Советот на Општина Карпош го сочинуваат 23 члена со мандат 2021-2025. Претседател на советот е Бранко Ристов.

Во 2015 година официјално е оформен првиот совет на млади како советодавно тело на општината кој го сочинувале 5 членови. Во 2022 година е покрената нова постапка на избор на Локалниот Младински совет која се очекува да се финализира во почетокот на 2023 година.

Во 2022 година, за полесна комуникација со младите, номиниран е службеник за млади, Ивана Темелковска.

Буџетот на општината за 2022 година изнесува 1.030.547.000,00 денари.

## 1. Анализа на состојбата

За потребите на оваа стратегија, беше спроведено теренско истражување со применување на комбинирана квалитативна и квантитативна истражувачка методологија. Со почеток од септември 2022 година, тимот на истражувачи и фасилитатори спроведоа:

- (две) индивидуални интервјуа, од кои едно со Градоначалникот на Општина Карпош и едно со Претседателот на едукативниот центар „Идеа“.
- една фокус група со 6 млади лица, меѓу кои Службеникот за млади во Општина Карпош, претставник на УМС на ВМРО-ДПМНЕ, претставник на младинска организација на Црвен Крст, претставник на Клуб на извидници, младински активист и претставник на студентска организација.
- прашалник спроведен преку алатката SurveyMonkey на македонски и на албански јазик, кој се состоеше од вкупно 48 прашања и истиот беше пополнет од вкупно 122 млади испитаници (на возраст од 15-29 години) од Општина Карпош.

Како резултат креиран е Аналитички извештај на младинските трендови во општината кој ги детектира потребите младите во осумте приоритетни области. Во продолжение се претставени наодите од сите приоритетни области:

*Младинско учество*
Компаративната анализа детектираше дека младите испитаници најчесто го поминуваат времето на кафе со пријателите или во спортските активности, додека пак помагањето во заедницата или посетата на младински клубови не претставува приоритет.

Покрај тоа што една четвртина од младите членуваат во граѓанска/младинска организација или волонтирале за општествено корисна цел, истите не го прават тоа редовно, што се доаѓа до заклучок дека тие само формално членуваат во организациите.

Иако немањето слободно време е главната причина за пасивноста на младите, сепак голем дел се изјасниле дека немаат информации како да се вклучат или не знаат како да бидат општествено активни. Наодите исто така укажуваат дека тие не се доволно информирани за своите можности.

Ваквите наоди укажуваат дека треба да се работи на мотивација на младите за нивно поголемо активирање во општествено-политички прашања, но и отстранување на препреките (реални и перцепирани) како младите би се охрабриле за нивен поголем ангажман во локалната заедница.

Во однос на донесувањето на одлуки, младите се поделени, 1/3 сметаат дека се активно вклучени, но останатите тврдат дека не се или не се запознаени. Иако податоците од прашалникот покажуваат извесна демотивираност и разочараност на младите, сепак речиси половина од

испитаниците се оптимисти дека тие можат, целосно или делумно, да влијаат на општината и да бараат одговорност (47,54%).

Како решение учесниците на фокус групата сметаат дека треба да се воведе волонтерска и општествено корисна работа на локално ниво, со цел зајакнување на младинското учество. Со тоа тие веруваат дека ќе бидат задоволени и други потреби на младите, а исто така би се надминале одредени нивни социјални проблеми. Според нив, волонтерската работа е потребна за да го потисне материјализмот, затоа што материјалната вредност стана најзначајна кај младите и истата предизвикува голем проблем во односите меѓу младите.

*Младинско информирање*

Главен наод во овој дел е дека младите сакаат да се информираат но дека не знаат како и каде. Иако се информирани за правата во училиштето, тие се помалку информирани за правата во локалната заедница и дека многу мал процент сметаат дека општината информира за можностите на младите.

Членовите на фокус групата се изјаснија дека не само што се недоволно информирани туку дека не ги ни следат информационите канали на општината. Со цел подобрување на протокот на информации, предлагаат да се организираат средби и состаноци за непосредно информирање на младите, да се користат социјалните медиуми за информирање и да се работи на унапредување на начинот на комуницирање со младите. Според нив, објавите од страна на општината се многу обемни и изгледаат како политички објави, што ги прави одбивни за младите. Предлагаат објавите да бидат кратки и јасни, со повик за акција и линк со повеќе информации. Сметаат дека треба да се унапреди делот на Односи со јавност на општината и да има посебно ПР лице задолжено за младински прашања.

Наодите од анализата покажуваат дека младите не се запознаени со постоењето на службеник на млади или пак ЛМС, што укажува потреба за поголема промоција кај младите. Претседателот на Едукативниот центар „Идеа“ посочува дека во општината има слаба понуда од граѓанскиот сектор, односно има недостаток на младински клубови и младински организации кои работат директно на терен со младите. Тој вели дели понудата во моментов се сведува на проекти кои најчесто се однесуваат на размени со други држави и не опфаќаат локални прашања од интерес на младите.

*Младинска работа*

Запрашани за неколку искази во врска со младинската работа, ставовите на младите се прилично поделени.

Мнозинството на испитаници се согласуваат дека неформалното образование може да ги зголеми нивните шанси за вработување и дека имаат можности да се вклучат, додека најмал број сметаат дека локалната самоуправа го поддржува развојот на младите.

Градоначалникот на Општина Карпош, во даденото интервју, вели дека општината нема програми за младинска работа, но покажува интерес да работат на креирање на такви програми во иднина.

Општо гледано, високи 86,89% од испитаниците се согласни дека во Општина Карпош недостигаат обуки за млади, и како најпотребни се обуки за личен развој (68,85%). Како приоритетна тема исто така се јавува и областа на ментално здравје.

Голем процент на млади се делумно или многу заинтересирани за надградување преку неформално образование, но сметаат дека или можностите не постојат или младите не се запознаени со нив, што укажува на потреба за поголема промоција.

*Образование*

Младите се многу критични во однос на образовниот систем и неговите недостатоци. Тие укажуваат на недостаток на воннаставни активности, училишни секции и сметаат дека училиштата не се инклузивни и не се пристапни за лица со попреченост.

Тоа се потврдува од наодите и од дискусијата на фокус групата како и од интервјуто со градоначалникот на општината, кој посочува на недостиг на стручен кадар за лица со попреченост. Тој исто така смета дена потребна е програма за контрола на квалитетот во образованието со цел да се детектираат проблемите и да се пронајдат решенија.

Голем процент на младите сметаат дека училиштата не го охрабруваат критичкото мислење, што укажува на потреба на ревидирање на дел од наставните програми.

Голем проблем претставува фактот дека мнозинството од младите сметаат дека образовниот процес не ги подготвува младите за успешно вклучување на пазарот на труд (76,23%). Младите од фокус групата исто сметаат дека не се конкурентни на пазарот на трудот. Според нив решение е

почеста практична работа во училиштата и факултетите, како и воведување на неформално образование. Сметаат дека постои потреба и од поврзување на бизнис заедницата со младите, како би се подобриле нивните претприемачки вештини и би се подобрило нивното учество на пазарот на трудот (преку организирање на бизнис настани, саеми, непосредни средби и состаноци и слично).

*Култура и спорт*

Во областа на културата, младите од Општина Карпошсе генерално задоволни од содржината. Од оние коишто одговориле дека не се задоволни, 62,50% сметаат дека во Општина Карпош недостасуваат културно-уметнички манифестации, додека 60,58% од испитаниците посочуваат на недостаток на забавни паркови и отворени фестивали.

Според испитувањето, младите би сакале да имаат простор за слободно изразување, односно објект кој би им бил на располагање на сите млади во секое време од денот, а кој би имал простории кои младите би можеле да ги користат за танц, музика или било каква друга форма на креативно изразување. Младите луѓе од Општина Карпош би сакале да има и повеќе тематски забави.

Младите од фокус групата сметаат дека, и покрај тоа што се потребни повеќе културни и спортски активности, неинформираноста е главната причина што тие не се вклучуваат во веќе постојните содржини, како и поволностите од ова учество. Тие предлагаат воведување на средношколски картички со кои полесно ќе се идентификуваат и ќе можат да ги користат поволностите кои младите луѓе ги имаат во културните и спортските институции. Младите исто така предлагаат поголемо учество при креација на културните и спортските содржини.

Општината се согласува дека програмата за културни активности има недостатоци и треба да се развие повеќе во насока на модерна содржина. Воедно во тек е и отворање на Младински центар.

Како и за културата, така и за спортот младите од Општина Карпош се задоволни од условите и од активностите. 50% од младите како недостаток го споменуваат фактот што општинските сали и терени не се достапни за сите млади и дека има недостаток од спортски терени на отворено како и неодржување на спортските терени.

Во однос на спортот, Градоначалникот на Општина Карпош посочи дека општината работи на подобрување на условите за спортување и рекреација преку отворање на нови паркови, нови површини за спортување и поддршка за велосипедскиот сообраќај.

И Претседателот на Едукативниот центар „Идеа“е оптимист и вели дека Општина Карпош е урбана и градска средина, каде младите имаат можност квалитетно да го поминат своето време. Тоа се однесува пред се на инфраструктурата, односно секоја населба во рамки на општината има услови за спортување, а и училиштата имаат голем простор кој може и се користи од младите. Постојат пешачки, велосипедски зони, како и урбано уредување на кејот на Вардар, преку кој општината се поврзува со останатиот дел од градот Скопје.

*Здравје*
77,87% од испитаниците изјавиле дека нивната здравствена состојба е одлична или добра. Додека мнозинството смета дека е во добра здравствена состојба, 50% од младите изјавиле дека се соочиле со предизвици од менталното здравје, но од нив само 22,87% се обратиле кај психолог/психотерапевт.

Иако скоро 70% од младите се запознаени со менталните состојби, се уште постои недостаток на промоција и информирање за менталното здравје. 50% од испитаните млади сметаат дека институциите/организациите само привремено ги едуцираат младите за менталното здравје. Најголем процент сметаат дека едукацијата треба да се одвива во училиштата.

Повеќе од половина од испитаниците биле дел од кампања/презентација за штетните последици од консумирање на дрога и психотропни супстанци, додека 12,30% од испитаниците одговориле дека имаат консумирано дрога. Интересно да се напомене е дека 80% од оние коишто одговориле дека некогаш консумирале дрога учествувале на презентација за штетните последици од консумирање на дрога.

Во поглед на консумирањето на психотропни супстанци, Претседателот на Едукативниот центар „Идеа“ посочува дека сериозен проблем е што алкохолот и недозволените супстанци се лесно достапни за младите.

Учесниците на фокус-групната дискусија сметаат дека има голем број на зависници (дрога, алкохол, цигари и коцкање), а пороците најчесто се резултат на изменетите вредности во општеството.

За подобрување на здравствената состојба на младите, Градоначалникот на Општина Карпош смета дека во секое училиште треба да има општ лекар, забар и логопед. Тој додава и дека општината има различни програми за превенција со цел подобрување на здравствената состојба на младите.

*Претприемништво и поддршка при вработување*

Мнозинството од испитаниците повеќе би сакале да работат за себе отколку да работат за друг работодавач. Како најголема пречка за основање на сопствен бизнис, тие ги детектираат финансиите, додека за ¼ од испитаниците тоа се недостатокот на вештини и знаења кои ги спречуваат младите да ризикуваат.

Околу половина од испитаниците (47,54%) не се информирани дали општината поддржува програми за младинско претприемништво, додека само 10,66% сметаат дека такви програми се поддржуваат.

Градоначалникот на општината потврдува дека во моментов нема програми за младинско претприемништво, но во минатото биле организирани разни предавања за поддршка на претприемништвото. Во иднина, општината планира развој на програми за доделување на грантови и поддршка на млади претприемачи.

Помеѓу причините за младинската вработеност, на прво место се лошите услови за работа, додека на второ место е немањето желба на младите да се вработат. Како останати причини, младите ги додаваат корупцијата, непотизмот, како и присуство на политиката во секоја сфера од живеењето.

За можностите за вработување младите од Општина Карпош најчесто дознаваат преку огласите споделени на социјалните мрежи (60,66%), што го потврдува податокот дека младите генерално најмногу се информираат преку социјалните медиуми.

Општо гледано, 68,85% од испитаниците би се преселиле во друг град/населено место во потрага по подобри можности за работа.

*Безбедност (насилство)*
Според 72,95% од испитаниците младите во Општина Карпош се жртви на онлајн насилство, додека 46,72% сметаат дека младите се често жртви на физичко насилство и дека младите се насилни посочуваат 58,19% од испитаниците. И покрај тоа, мнозинството на млади се чувствуваат прифатени од околината и се чувствуваат безбедно.

Претседателот на Едукативниот центар „Идеа“ смета дека врсничкото насилство и булингот се постојани теми кои треба да бидат приоритет или еден од приоритетите при креирање програми и активности за млади. Тој вели дека во Општина Карпош немало некои поголеми примери за насилство, посебно не на етничка основа. Но, исто така смета дека со оглед на тоа што на територијата на Карпош има многу средни училишта и општината е една од поатрактивните за младите (поради училишта, кафулиња, молови и сл.), секогаш има можност за непријатни случки.

Учесниците на фокус-групната дискусија сметаат дека некои млади имаат психолошки проблеми кои предизвикуваат малолетничка деликвенција, булинг и слично, што сметаат дека може да се реши со работилници за психолошка поддршка. Од друга страна велат дека булингот многу тешко се решава и потребни се посебни работилници за булинг. Покрај тоа, сметаат дека потребна е и поголема поддршка од училиштата од страна на психолозите и поголема достапност на наставниците. Потребни се психолошки подготовки на родителите и наставниците. Веруваат дека булингот не може да исчезне, но може да се превенира и да се намалат последиците врз жртвите, а вината за појава на булинг и малолетничка деликвенција ја лоцираат кај родителите и нивниот начин на воспитување на децата.

Во однос на иднината, 50,82% од младите се изјасниле дека најмногу се плашат од сиромаштија и додека пак 45,90% од невработеност.

## 1.1. Профил на млади во Општина Карпош

Во рамките на процесот на планирање, од страна на работната група беа издвоени следниве профили на млади како главни целни групи на стратегијата:

- **Средношколци**, кај кои што како карактеристики се издвоија нивната енергија (активност) и заинтересираност за учество во иницијативи, добра информираност и дека се движечка сила во општеството. Од друга страна, пак, беа дефинирани следниве предизвици:

нетрпеливост, неодговорност и доколку не се задоволени нивните барања и интереси може да доведе до неактивност од нивна страна.

- **Млади вработени,** кај кои како карактеристики се издвоија тоа дека се активни, одговорни и истрајни, додека пак, во делот на предизвиците, беа истакнати потребите за усогласување на обврските и недостатокот на социјален живот.
- **Социјално ранливи категории на млади**, кај кои како карактеристики се издвоија отфрленоста, односно недостатокот од вклученост во општествените текови, склоност кон деликвенција и пороци и дека се најзагрозени кога станува збор за зачувување на нивното ментално здравје. Од друга страна, пак, беа дефинирани следниве предизвици: одбивањето на помош од страна на институциите и другите општествени субјекти, какои многу тешката интеграција во општествените процеси на сите нивоа.
- **Млади со активно поминување на слободното време**, каде што како карактеристики се издвоија квалитетот на поминатото време (квалитет наместо квантитет) и неговата корисна употреба, додека пак, во делот на предизвиците беа истакнати потребата за баланс на слободното време и изборот на активности од кои тие можат да изберат.
- **Млади лица кои се соочуваат со предизвици од егзистенцијална природа,** каде што беше издвоено дека тешко се идентификуваат, затоа што дел од нив не спаѓаат во категоријата на социјално ранливи категории. Во делот на предизвици беше истакната недостапноста за нив за одредени општествени активности.
- **Студенти,** каде што како карактеристики беа истакнати дел од нив се насочени, дел не се во рамките на својот образовен профил, беше покренато прашањето за реалниот квалитет на студирање/образование кое го добиваат, и воедно, беше потенцирано дека дел од нив се активни, а дел реактивни. Во делот на предизвиците беа издвоени квалитетот на можностите за нивен понатамошен развој (дали воопшто ќе останат во општината/државата или не), како и квалитетот на поминатото слободно време.
- **Невработени млади,** каде што во сегментот на карактеристики беа издвоени тешкотиите при нивното осамостојување, нивната инертност и неактивност, која понекогаш произлегува и од отсуството на еднаков пристап и спроведување на објективни мериторни системи при избор на кандидати и вработување, додека пак, во делот со предизвици, беа истакнати квалитетот на целокупните работни услови, како и волјата за наоѓање на работа.
- **Млади лица со попреченост** каде што во делот за карактеристики беа истакнати многу ниската адаптираност на општеството за да можат да бидат еднакво вклучени во сите

процеси и двете групи, а воедно и изградените стереотипи за овие категории на млади. Во сегментот на предизвици, беа издвоени потребата за општествена прифатеност и адаптација за нивно нормално секојдневно живеење, како и достапност на сите сфери на општественото дејствување.

## 1.2.Анализа на политички, економски, општествени, правни, технолошки и еколошки фактори (PESTLE)

Од страна на членовите на работната група беше изготвена и PESTLE анализа, односни анализа на политички, економски, општествени, правни, технолошки и еколошки фактори. Целта на оваа анализа беше да се увидат моменталните трендови, кои влијаат посредно или непосредно врз животот на младите. Анализата ги покажа следните наоди:

1. Во однос на технолошките фактори, произлезе трендот/можностите за воспоставување на електронски канал за комуницирање со младите, како и можноста/потребите за електронски јавни услуги на локално ниво, кои се мошне значајни за младите.
2. Во однос на легислативата, беше утврдено дека постои мала неусогласеност помеѓу Законот за младинско учество и младинско организирање со други легални акти, како што е на пример Законот за локална самоуправа, во делот за надлежностите на општините во Град Скопје.Воедно, постои и тенденција за политички влијанија врз спроведувањето на законот. Насоките кои беа дадени е дека при изборот на Локалниот младински совет на Општина Карпош, општината треба да се придржува кон сите одредби од Законот за младинско учество и младинско организирање, со цел добивање целосен легитимитет на составот на советот и собранието, кои треба да бидат главните застапници за потребите на младите на локално ниво.
3. Во делот на еколошките трендови, се забележува зголемена свест и интерес на младите за рециклирање, но од друга страна, нема доволни можности за практикување на овие навики. На локално ниво, многу е ниско нивото на информирање и едукација на младите за еколошки теми, и воедно, и повеќе од потребно е да се иницираат акции/кампањи за поттикнување на општествена одговорност од еколошки аспект.
4. Како политички трендови/фактори, беа истакнати следниве:
   - Честа промена на процедури и легислатива, што доведува до збунетост во следењето и имплементирањето

- Постоење на две екстреми во политичкото владеење, каде што за младите многу малку се нуди
- Неадекватни начини за консултација и собирање на информации за потребите на граѓаните, со што се креира јаз во задоволувањето на реалните потреби на младите
- Голем страв кај младите заради несигурност од политичката иднина на државата
- Голем прилив на информации, кои многу тешко се процесираат и често младите се дезинформирани

5. Во сегментот на економски трендови, беа наведени следниве:
   - Големо незадоволство кај младите од високата инфлација и зголемување на трошоците за живеење
   - Недостаток од адекватни работни места и можности за соодветно вработување
   - Сива економија, односно тренд да се поголем број на млади работат на интернет и не се пријавени за својата работа (не плаќаат придонеси)
   - Приближување на можностите за инвестирање до младите, преку нивно презентирање од страна на младински организации и тела
   - Зголемен е бројот на инвестициски можности кои младите би требало да ги искористат
6. Во последниот сегмент, социјални трендови, беа истакнато зголемувањето на бројот на млади луѓе од социјално ранливи категории кои не се згрижени, како и недоволен фонд/буџет за културно, едукативно и друг вид на развој и издигнување на младите луѓе. Фондовите кои постојат или се непознати за младите и се недоволни за задоволување на потребите.

## 1.3. Анализа на засегнати страни

Исто така, беа детектирани и дефинирани следниве засегнати страни, за кои сметаме дека се корисници и/или се поврзани со успешното спроведување на стратегијата за млади.

- **Средни училишта**: Места каде се нуди образование и воспитување. Воедно треба да понудат и квалитетно искористување на слободното време. Средните училишта ќе бидат дел од корисниците на стратегијата и можат да понудат поддршка во спроведување на активности поврзани со младите. Нивното влијание е средно и со голема важност.

- **Бизнис секторот**: Компаниите треба да бидат добри партнери во финансирањето одредени активности, а воедно и како идно работно место на младите. Можат да придонесат и со зголемување на финансиската и бизнис писменоста кај младите. Компаниите можат да бидат и соработници, но и може да се очекува опструкција, доколку се наметнат активности кои тие треба да ги финансираат. Нивното влијание и важност е од средна вредност.
- **Службеник за млади**: Неговата улога е да биде канал за информирање и координирање, како и асистирање во спроведувањето на активностите кои се однесуваат на младите. Од него се очекуваат и иницирање на проекти и останати активности, како и да биде мост помеѓу ЛМС и општинската администрација. Од службеникот за млади се очекува соработка и помош при донесување на одлуки на локално ниво кои ги засегаат младите, но тој може да биде и опструкција, доколку не се воспостави соодветна соработка. Неговото влијание е големо, а важноста средна.
- **Локално Собрание на млади**: Улогата е да врши надгледување на работата на ЛМС и да придонесе во спроведувањето на стратегијата за млади. Исто така, треба да биде местото каде ќе се иницира соработка помеѓу младите и да учествува во изборот на членови на советот. Собранието има големо влијание и е од средна важност.
- **Младински организации и организации за млади**: Нивната улога е да нудат можности за неформална едукација, канал за комуникација со младите, да нудат опции за развој на културата помеѓу младите, како и менторство за личен и професионален развој на младите. Од организациите може да се очекува соработка, да поттикнуваат конкуренција во понудата на активности за млади, како и да бидат застапувачи на потребите и правата на младите. Организациите имаат големо влијание и се од средна важност.
- **Факултети**: Тие се местата каде што дел од младите се едуцираат и поминуваат дел од своето време. Можат да ја имаат улогата на ментори, соработници и фасилитатори на одредени активности и процеси. Тие се од средна важност и влијание.
- **Владини и локални институции**: Тие се од голема важност и имаат големо влијание, затоа што се одговорни за донесување и спроведување на одлуки на национално и локално ниво.
- **Локален младински совет**: Улогата на советот ќе биде да ја спроведува стратегијата и да ги застапува потребите и интересите на младите. ЛМС има големо влијание и е од голема важност.

## 1.4.Анализа на капацитетите т.е. на силните и слабите страни, можностите и заканите во работењето (SWOT)

Направената SWOT анализа од страна на членовите на работна група, укажа на потенцијални можности и закани, но и на јаките и слабите страни на засегнатите страни, кои влијаат на спроведувањето на стратегијата за млади. Во табелата подолу се претставени резултатите од SWOT анализата:

| Јаки страни | Слаби страни |
|---|---|
| ○ Обезбедување на буџет за млади<br>○ Проактивноста и заинтересираноста на службеникот за млади<br>○ Јасни и конкретни процедури за младински стратегии и мерки<br>○ Локални активности за млади во различни програми на општината на годишно ниво | ○ Неусогласеност на законската регулатива<br>○ Незаинтересираност на младите<br>○ Недоволни просторни капацитети<br>○ Слаба информираност на локално ниво<br>○ Непостоење на Локален младински совет (сеуште не е воспоставен) |
| **Можности** | **Закани/Ризици** |
| ○ Расположливост на простор за млади и младински активности<br>○ Постоење на можности за вклучување на идеите на младите во формалното и неформалното образование<br>○ Достапност на фондови/донатори за изградба на инфраструктура за потребите на младите<br>○ Постоење на фондови/донатори | ○ Корупција и ниско ниво на доверба во локалните и националните власти<br>○ Злоупотреба во користењето на просторните и другите капацитети и ресурси кои ги обезбедува општината<br>○ Кочење на процедури и спроведување на активности кои се однесуваат на младите<br>○ Политички влијанија во сите |

| | |
|---|---|
| за финансирање на проекти за неформална и формална едукација<br>○ Заинтересираност и вклучување на локалните чинители во креирањето и спроведувањето на стратегијата за млади | сфери кои се однесуваат на младите<br>○ Недоволен фонд на финансииво одобрениот буџет за млади |

## 2. СТРАТЕШКА РАМКА

**Главната цел на стратегијата е Подобрување на квалитетот на животот на младите и нивно поттикнување да станат самостојни активни граѓани вклучени во процеси на донесување на добро информирани одлуки.**

Стратешки цели на локално ниво, во согласност со 8-те национални приоритети за млади, се следниве:

| Област 1: Младинско учество | |
|---|---|
| Стратешка цел 1.1: Креирани механизми за вклучување на младите во процесите на донесување на одлуки | |
| **Резултати** | **Индикатори** |
| 1.1.1 Избран и воспоставен активен и функционален локален младински совет со почитување на одредбите од законот за младинско учество и политики | • Број на седници на собрание<br>• Број на претставници на младите во ЛМС<br>• Број на годишни програми<br>• Број на состаноци |
| 1.1.2 Активно заседание на Собранието на годишно ниво | • Број на обуки<br>• Број на млади учесници<br>• Број на седници на собрание |
| 1.1.3 Обезбедување на простор за млади | • Фреквенција на посетеност на |

| | |
|---|---|
| | канцеларијата од страна на младите од општината<br>• Број на ново отворени канцеларии за млади |
| 1.1.4 Воспоставен е канал за редовна комуникација и соработка помеѓу ЛМС и службеникот за млади | • Број на состаноци |
| 1.1.5 Редовна вклученост на младинските организации во креирањето на политики | • Број на реализирани состаноци<br>• Број на претставници на младински организации или организации за млади<br>• Број на предлог политики/документи |
| Мерки по цел 1.1:<br>- Свикување на иницијативен одбор<br>- Избор на членови на ЛМС за време на Младинско локално собрание<br>- Верификација на составот на ЛМС од страна на Советот на Општина Карпош<br>- Градење на капацитети на членовите на собранието преку работилници и обуки<br>- Градење на капацитети на членовите на ЛМС преку работилници и обуки<br>- Обезбедување на простор од страна на општината за канцеларија за млади<br>- Обезбедување на буџет за канцеларија за млади<br>- Организирање на редовни состаноци помеѓу ЛМС и службеникот за млади<br>- Организирање на редовни состаноци помеѓу ЛМС, службеникот за млади и граѓанските организации<br>- Програма за работа на ЛМС | |
| Стратешка цел 1.2: Организирана поддршка за младинско организирање и младински активизам | |
| Резултати | Индикатори |
| 1.1.1 Младинските организации имаат простор и ресурси за користење во спроведување на своите активности | • Број на состаноци на Службеникот за млади со младите од општината со цел покренување иницијативи и/или разрешување проблеми<br>• Број на обезбедени канцеларии на младински организации<br>• Број на обуки<br>• Број на учесници на обуките |
| Мерки по цел 1.2:<br>- Отворање на Младински центар на локално ниво | |

| | |
|---|---|
| - Креирање на програма за работа на младинскиот центар и обезбедување на финансии<br>- Обезбедување на канцелариски простории за младинските организации во состав на младинскиот центар<br>- Обезбедување обуки за развивање на капацитетот на Службеникот за млади за соработка со младите | |
| Стратешка цел 1.3: Локалниот младински совет успешно ги застапува потребите на младите пред Советот на општината, локалните институции и останатите чинители | |
| Резултати | Индикатори |
| 1.1.1 ЛМС е препознаен како застапник на младинските потреби на локално ниво | • Број на состаноци со млади на локално ниво за идентификување потреби за застапување |
| 1.1.2 Членовите на ЛМС ги зајакнале своите капацитети за спроведување на обврските и надлежностите | • Број на обуки со учество на ЛМС<br>• Број на предлог политики доставени со Општина Карпош<br>• Број на истражувања и анализи |
| Мерки по цел 1.3:<br>- Редовни состаноци со младите од општината<br>- Спроведување на истражувања за потребите на младите<br>- Креирање и доставување на предлог-политики за задоволување на потребите на младите и унапредување на нивната положба<br>- Градење на капацитети на членовите на ЛМС преку задолжителни работилници и обуки | |

| | |
|---|---|
| Област 2: Младинско информирање | |
| Стратешка цел 2.1: Воспоставени се механизми за посредно и непосредно информирање на младите | |
| Резултати | Индикатори |
| 2.1.1 Младите полесно и побрзо доаѓаат до потребните информации | • Број на канали воспоставени за комуникација со младите<br>• Број на креирани катчиња/банери за информации<br>• Број на страни на социјалните медиуми креирани и ставени во употреба |
| 2.1.2 Контекстот и форматот на | • Број на состаноци помеѓу ЛМС и ПР службата |

| | | |
|---|---|---|
| | информациите е приспособен за потребите на младите | • Број на креирани и споделени објави |
| 2.1.3 | Зголемена заинтересираност на младите задобивање на информации на локално ниво | • Број на креирани и имплементирани кампањи<br>• Број на млади корисници/вклучени во кампањите |
| 2.1.4 | Намалување на дезинформациите помеѓу младите луѓе | • Број на млади опфатени со спроведени кампањи за намалување на ширењето на лажните вести |
| 2.1.5 | Зголемена е довербата помеѓу младите и локалната самоуправа | • Број на млади кои ги посетуваат општинските канали за информирање |

Мерки по цел 2.1:
- Редовни информативни посети во основните и средните училишта, а воедно и факултетите
- Креирање на е-портал за млади (е-платформа, социјални медиуми и друго)
- Социјални медиуми за ЛМС
- Отворање на канцеларија за млади
- Состаноци на ПР службата на општината со членовите на ЛМС за креирањето на содржината на информациите кои се однесуваат на младите
- Спроведување на кампањи за младинско информирање
- Спроведување на кампања за борба против лажните вести

Стратешка цел 2.2: Зголемена меѓусебната доверба и приближување на работата на локалните власти до младите

| Резултати | | Индикатори |
|---|---|---|
| 2.2.1 | Зголемена е транспарентноста на работата на ЛМС | • Број на соопштенија за јавност |
| 2.2.2 | Зголемено е чувството на припадност на младите кон општината | • Број на состаноци со младите<br>• Број на средби и посети на младите со градоначалникот и членовите на советот |
| 2.2.3 | Зголемен е обемот на релевантни информации за реалниот опсег на активности кои се однесуваат на младите | • Број на извештаи<br>• Број на корисници на информациите од извештаите<br>• Број на реализирани состаноци |
| 2.2.4 | Зголемено е чувството на сопственост на процесите кои ги спроведува општината | • Број на заеднички активности спроведени од страна на ЛМС и општинската администрација |

Мерки по цел 2.2:

- Креирање и јавно објавување на известувања од седниците на ЛМС
- Редовни работни состаноци со инволвирање на сите засегнати страни во областа на младите
- Редовни консултативни средби со младите од општината
- Изготвување на извештаи за спроведените активности на годишно ниво кои се однесуваат на младите и нивно публикување на веб страницата на општината и на социјалните медиуми на општината и ЛМС
- Вклучување на ЛМС во редовните активности на локалната самоуправа кои се однесуваат на младите
- Организирање на посета на општината и советот за време на денот на младите

| Област 3: Младинска работа | |
|---|---|
| Стратешка цел 3.1: Збогатена е понудата за младите за нивно учество во неформално образовни активности | |
| Резултати | Индикатори |
| 3.1.1 Унапредена есоработката помеѓу општината, ЛМС и локалните младински организации | • Број на организации во базата на податоци<br>• Број на програми<br>• Број на одржани состаноци<br>• Број на објавени можности |
| 3.1.2 Зголемен интерес кај младите за учество во обуки | • Број на млади кои учествуваат во обуки |
| 3.1.3 Подобрени меки и животни вештини на младите | • Број на спроведени обуки<br>• Број на млади кои изјавуваат дека се стекнале со нови вештини |
| 3.1.4 Подобрени капацитети на локалните младински организации кои се занимаваат со младинска работа | • Број на доделени грантови на младински организации<br>• Број на организации кои изготвиле нови обуки |

Мерки по цел 3.1:
- Мапирање на локални младински организации кои нудат неформално образование
- Објавување на можностите кои ги нудат локалните младински организации преку воспоставените канали за комуникација
- Креирање на локални програми за неформална едукација согласно потребите на младите

| | |
|---|---|
| - Обезбедување на финансии за учество на младите на неформални обуки за стекнување на вештини<br>- Состаноци помеѓу општината, ЛМС и локалните младински организации<br>- Објава и доделување на грантови за младинските организации | |
| Стратешка цел 3.2: Унапредено е разбирањето и свеста кај младите за потребите и придобивките од неформално образование | |
| Резултати | Индикатори |
| 3.1.1 Препознаеност на вештините стекнати преку неформалното образование во формалниот систем | • Број на доделени стипендии |
| 3.1.2 Препознаеност на можностите кои ги нуди неформалното образование | • Број на организации учесници на саемот<br>• Број на млади посетители на саемот |
| 3.1.3 Унапредена е соработката помеѓу општината, ЛМС и локалните младински организации | • Број на состаноци<br>• Број на заеднички активности |
| Мерки по цел 3.2:<br>- Организирање на Саем за неформално образование<br>- Состаноци помеѓу општината, ЛМС и локалните младински организации<br>- Состаноци со младите во општината<br>- Доделување на стипендии за млади луѓе кои се придонесуваат кон развојот на локалната заедница | |

| | |
|---|---|
| Област 4: Образование | |
| Стратешка цел 4.1: Збогатена понуда на основните и средните училишта на воннаставни активности | |
| Резултати | Индикатори |
| 4.1.1 Зголемено учество на општината во образовни проекти и активности | • Број на заеднички спроведени активности помеѓу општината и училиштата<br>• Број на млади учесници во програми<br>• Број на компании учесници во програми |
| 4.1.2 Зголемено учество на младинските организации во креирање и имплементација на активности од неформално образование | - Број на програми кои граѓанскиот сектор ги води во училиштата |

| | |
|---|---|
| 4.1.3 Унапредена е соработката помеѓу образовните институции на локално ниво | • Број на состаноци<br>• Број на заеднички активности |
| 4.1.4 Воспоставени и функционални секции во основните и средните училишта | • Број на нови/реактивирани секции во училиштата |
| 4.1.5 Зголемени се можностите за вклучување во образованието на различни ранливи категории на млади | • Број на нови програми<br>• Број на млади лица од социјално ранливи категории вклучени во редовното образование |

Мерки по цел 4.1:
- Иницирање на средби со локалните НВО-а
- Развиени и прифатени програми за неформално образование
- Истражување за потребите на учениците во каков вид на воннаставни активности сакаат да учествуваат
- Состаноци со претставници на основни и средни училишта и високообразовни институции
- Заеднички проекти организирани од страна на основните и средните училишта и образовните институции
- Креирање и имплементирање на програма за социјална инклузија на различни ранливи категории на млади
- Кампања за подигнување на свеста за присутноста на овие категории на млади во училиштата
- JOB shadowing во компании за средношколци за кариерно насочување

Стратешка цел 4.2: Подобрени услови за образование во основните и средните училишта на територија на Општина Карпош

| Резултати | Индикатори |
|---|---|
| 4.2.1 Унапредена е соработката на општината со економските и други чинители | • Број на состаноци<br>• Број на собрани средства/донации |
| 4.2.2 Подобрени се условите за инклузијата на учениците со помалку можности | • Број на поставени рампи<br>• Број на ученици со посебни потреби кои се вклучени во редовното образование |
| 4.2.3 Општината води поголема грижа за потребите на учениците | • Број на реновирани училишта<br>• Број на спроведени кампањи и програми |

| | |
|---|---|
| | • Број на директни учесници во кампањите |

Мерки по цел 4.2:
- Поттикнување на свеста за потребите за подобрување на условите
- Кампањи за прибирање на фондови за реновирање на училишта
- Заедничко аплицирање на грантови за поддршка на инфраструктура и подобрување на условите
- Зголемување на буџетот за реновирање и изградба на нови училишта
- Креирање и имплементирање на програма за подигнување на степенот на хигиена и одржување во рамките на училиштата
- Изградба на пристапни рампи, лифтови и друга инфраструктура потребна на лица со попреченост
- Издвојување на буџет за ангажман на лични асистенти за интеграција на младите со попреченост во образовните процеси

| Област 5: Култура и спорт | |
|---|---|
| Стратешка цел 5.1: Унапредена инфраструктура за организирање и спроведување на активности од областа на културата и спортот | |
| Резултати | Индикатори |
| 4.2.1 Подобрени се условите за спортски и културни настани | • Износна буџет за спортски и културни активности<br>• Број на активности/настани од областа на културата и спортот (споредбено до година во година) |
| 4.2.2 Обезбедена е поголема финансиска поддршка за одржување, реновирање и изградба на објекти | • Број на реновирани објекти |
| 4.2.3 Иницирана е соработка помеѓу локалните власти и бизнисите | • Број на јавни-приватни партнерства |

Мерки по цел 5.1:
- Реновирање на постоечки објекти
- Изградба на нови објекти
- План и буџет за одржување и заштита на објектите
- Поставување на летниковци со шаховски табли
- Аплицирање на европски фондови за реновирање и изградба на објекти

| | |
|---|---|
| - Иницирање на јавно-приватно партнерство со локални економски субјекти | |
| Стратешка цел 5.2: Развиени сеспецифични програми за активности од областа на културата и спортот, наменети за младите луѓе | |
| Резултати | Индикатори |
| 4.2.1 Зголемена стручност на спортските тренери и професори за работа со млади | • Број на настани/обуки/работилници<br>• Број на учесници на обуките/настаните/работилниците |
| 4.2.2 Зголемено учество на младите во спортските и културните активности | • Број на млади учесници во активности |
| 4.2.3 Зголемен бројот на активности за потребите на младите | • Број на нови настани од областа на културата<br>• Број на нови настани од областа на спортот<br>• Број на програми креирани и имплементирани<br>• Број на млади учесници |
| Мерки по цел 5.2:<br>- Програма за рециклирање и екологија<br>- План и буџет за користење на повластени цени на приватни спортски објекти<br>- Обуки и усовршување на спортските тренери и професори за работа со млади<br>- Организирање на настани од спортот за млади<br>- Стипендии за млади од областа на културата и спортот (училишта и спортски клубови)<br>- Организирање на Културни манифестации за млади<br>- Настани на европско ниво со збратимени општини<br>- Програми за субвенционирање (попусти и ослободување) на користење на објекти од културата и спортот за младите | |

| | |
|---|---|
| Област 6: Здравје | |
| Стратешка цел 6.1: Воспоставени механизми за подобрување на соработката во областа на здравство на локално ниво | |
| Резултати | Индикатори |
| 6.1.1 Подобрена е соработката помеѓу сите засегнати страни на локално ниво | • Број на заеднички иницијативи и состаноци<br>• Број на претставници на засегнати институции и субјекти |
| 6.1.2 Воспоставена институционална и | • Број на усвоени документи |

| | |
|---|---|
| стратешка рамка за подобрување на општата здравствена состојба | • Број на функционални работни тела |

Мерки по цел 6.1:
- Креирање на работно тело за увид и унапредување на здравјето и здравствените состојби
- Стратегија за унапредување на здравјето на сите категории на граѓани, со посебен осврт кај младите
- Состаноци на работно тело за увид и унапредување на здравјето и здравствените состојби

| Стратешка цел 6.2: Подигнато знаење и разбирање за важноста на здравјето и спречувањена разните заболувања кај младата популација | |
|---|---|
| Резултати | Индикатори |
| 4.2.1 Училиштата се препознаени како главни промотори на здравјето | • Број на состаноци во училиштата<br>• Број на спроведени кампањи<br>• Број на млади вклучени/корисници на активностите |
| 4.2.2 Подобрен квалитет на здравствено советување за млади | • Број на млади корисници на услуги / здравствени совети |

Мерки по цел 6.2:
- Едукативни кампањи (ментално, физичко и репродуктивно здравје) за сите категории на млади
- Програма за бесплатна психолошка поддршка кај младите
- Програма за сексуално образование и заштита од полово преносливи болести
- Програма за редовни бесплатни прегледи

| Област 7: Претприемништво и поддршка при вработување | |
|---|---|
| Стратешка цел 7.1: Воспоставени механизми за поддршка на младинско претприемништво | |
| Резултати | Индикатори |
| 7.1.1 Подобрен е пристапот и информациите од областа на младинското претприемништво | • Број на споделени информации<br>• Број на активности/кампањи<br>• Број на обуки |
| 7.1.2 Подобрена е соработката и поддршката на локално ниво за водење на бизнис | • Број на заеднички состаноци<br>• Број на заеднички имплементирани мерки<br>• Број на функционални HUB центри |
| 7.1.3 Промовирано е социјалното претприемништво како алатка за | • Број на кампањи<br>• Број на активности за/со млади |

| | |
|---|---|
| подобрување на квалитетот на животот | • Број на Fundraising кампањи |

Мерки по цел 7.1:
- Неформални обуки за бизнис и претприемништво, со посебен осврт на социјално ранливите категории
- Воспоставување фонд на општината за поддршка на млади претприемачи
- Отворање на HUB за мали бизнис и претприемачи
- Вмрежување на млади претприемачи со бизнис ангели
- Прибирање на фондови за социјално претприемништвото
- Кампања за промоција на социјалното претприемништво во соработка со НВО секторот

| Стратешка цел 7.2: Воспоставени механизми за поддршка при вработување | |
|---|---|
| Резултати | Индикатори |
| 4.2.1 Подобрени се вештините за вработување кај младите | • Број на обуки<br>• Број на млади со подобрени вештини |
| 4.2.2 Унапредена е соработката со националните институции | • Број на состаноци<br>• Број на заеднички иницијативи и мерки |
| 4.2.3 Зголемена е поддршката при вработување кај младите | • Број на нови млади корисници на поддршка<br>• Број на грантови за самовработување доделени на млади<br>• Број на локални компании вклучени во мерките |

Мерки по цел 7.2:
- Обуки за меки вештини за вработување во соработка со АВРСМ
- План за додатоци на грантови за самовработување за доделени од АВРСМ
- План за стимулација на локални компании за вработување на млади луѓе во соработка со национални институции
- План за стимулација за вработување на млади лица со одредени психолошки и физички предизвици во локални компании

| Област 8: Безбедност |
|---|
| Стратешка цел 8.1: Воспоставени механизми за подобрување на соработката во областа на безбедноста на локално ниво |

| Резултати | Индикатори |
|---|---|
| 4.2.1 Унапредена е соработката помеѓу засегнатите страни на локално ниво | • Број на состаноци<br>• Број на воспоставени тела<br>• Број на учесници на засегнатите страни на состаноците |
| 4.2.2 Зголемено чувство на безбедност кај сите категории на млади | • Број на млади кои се чувствуваат побезбедно<br>• Број на мерки спроведени за зголемување на безбедноста |

Мерки по цел 8.1:
- Редовни заеднички состаноци на родителите, локалната самоуправа, ЛМС, полицијата и претставници на училиштата
- Воспоставување на работно тело за континуирано унапредување на безбедноста
- Воспоставување на младински патроли на локално ниво во соработка со ПС Карпош

Стратешка цел 8.2: Зајакнаточувството на безбедност кај младите во училиштата

| Резултати | Индикатори |
|---|---|
| 8.2.1 Подигната свесност за присуството на безбедносните предизвици кај учениците во основните и средните училишта | • Број на кампањи и други активности<br>• Број на едукативни работилници<br>• Број на млади вклучени/корисници на активностите |
| 8.2.2 ЛМС, канцеларијата за млади, и училишните психолози се препознаени како субјекти за пријавување на безбедносни предизвици | • Број на пријавени безбедносни предизвици до ЛМС, канцеларии за млади и училиштата<br>• Број на одржани состаноци<br>• Број на учесници/претставници на училишта присутни на состаноците |

Мерки по цел 8.2:
- Едукативни работилници за јакнење на младите и тие што работат со младите за препознавање на булингот, насилството, криминал и деликвенција
- Кампања за превенција и намалување на степенот на булингот, насилството, криминал и деликвенција
- Кампања за охрабрување на младите за споделување на предизвиците со кои се соочуваат од областа на безбедноста
- Работилници за развивање на вештини за препознавање и превенција на е-насилство кај младите во основните и средните училишта
- Состаноци со училишните психолози и педагози

- **Отворање на канцеларија за млади**

## 3 Управување со ризици

Од страна на членовите на работната група, беа утврдени следните слаби страни, кои можат да влијаат врз успешноста на реализацијата на стратегијата:

- ✓ Неусогласеност на законската регулатива
- ✓ Незаинтересираност на младите
- ✓ Недоволни просторни капацитети
- ✓ Слаба информираност на локално ниво
- ✓ Непостоење на Локален младински совет (сеуште не е воспоставен)

Како дополнување на овие слаби страни, беа дефинирани и следните закани:

- ✓ Корупција и ниско ниво на доверба во локалните и националните власти
- ✓ Злоупотреба во користењето на просторните и другите капацитети и ресурси кои ги обезбедува општината
- ✓ Кочење на процедури и спроведување на активности кои се однесуваат на младите
- ✓ Политички влијанија во сите сфери кои се однесуваат на младите
- ✓ Висината на одобрениот буџет за млади

Посветеноста на општинската администрација и службеникот за млади, предводени од изразената желба на Градоначалникот за унапредување на целокупната состојба на младите, дава основа дека одреден дел од детектираните слабости и закани согласно СВОТ анализата, ќе бидат изолирани или целосни елиминирани, со цел успешно спроведување на планираните активности во следните неколку години. Во таа насока, како клучни активности кои Градоначалникот, Советот и општинската администрација треба да ги преземат во најкус можен рок, се следниве:

- Отворање на канцеларија за млади,
- Градење на консензус во Советот за прашања кои се однесуваат на младите и младинските политики,
- Остварување на соработка со младинските и организациите за млади, со цел поттикнување на заинтересираноста и активација на младите,
- Избор на Локален Младински Совет согласно Законот за младинско учество и младински политики, без било какви политички или партиски влијанија

- Одобрување на годишен буџет за млади во износ од 0,1% од вкупниот буџет на општината, но и финансирање на други активности за млади преку програмите на другите општински сектори и одделенија при општината
- Вклучување на младите во процес на консултација и донесување на одлуки на локално ниво
- Зголемување на младинското информирање на локално ниво

Главен спроведувач на овој стратешки документ ќе биде Локалниот Младински Совет на Општина Карпош, во соработка со службеникот за млади и општинската администрација. Земајќи предвид дека предлагач на овој документ е Градоначалникот на Општината, додека пак, донесувач е Советот, потребно е сите наведени засегнати страни да работат заеднички во отстранување на сите закани и слабости при спроведувањето на локалната Стратегија за млади во следните пет години. Тоа е единствениот начин за успешна реализација на сите планирани мерки и активности и постигнувањето на зацртаните цели и резултати.

## 4 Мониторинг и евалуација на стратегијата

Во рамки на стратешката рамка на стратегијата дефинирани се индикатори на успехот на ниво на резултатите. Индикаторите за секој резултат ќе бидат основа за креирање на систем за мониторинг од страна на општината, прилагоден на нејзините процедури.

Предложени механизми:

- Пресметка на број на состаноци и фреквенција на средби
- Пресметка на број на млади вклучени во активностите
- Преглед на посети на социјалните мрежи и интернет страница на општината
- Мерење на ниво на спроведување на акцискиот план
- Мерење на задоволството на младите при индивидуални активности
- Финално мерење на видливоста на спроведените активности при младите со краток онлајн прашалник на крајот одсекоја година, согласно акционите планови.

**Евалуација на активности**

За да се оцени успешноста на спроведувањето на активностите предвидени со стратегијата и акцискиот план, потребно е да се спроведува евалуација на истите. Зависно од форматот на активноста, тоа може да биде евалуација преку разговор со учесниците, кратки евалуациски

формулари, извештаи од кампањите на социјалните мрежи итн. Алатките кои ќе бидат користени за евалуацијата ќе бидат избрани од страна на ЛМС при креација на планот за мониторирање.

**Периодична евалуација**

Се препорачуваат две периодични евалуации за акциските планови. Неформална евалуација на 6 месеци, каде тимот на ЛМС ќе направи евалуација на спроведените активности во назначениот период со цел да се определи темпото на спроведување и ефективно да се распоредат активностите. Формална годишна евалуација, со цел да се оцени спроведувањето на стратегијата и да се продолжи кон креација на Акциски план за следната година.

**Завршна Евалуација**

Завршната евалуација ќе овозможи преглед на спроведувањето на стратегијата како и за нејзините недостатоци и позитивни страни. Завршната евалуација ќе послужи како ресурс за планирање на следната стратегија.

## 5 Комуникација и односи со јавност

Со цел стратегијата да биде успешно спроведена, потребно е да се изготви успешен систем на комуникација, вклучувајќи пристапи за внатрешна и надворешна комуникација.
Одговорно лице за комуникација ќе биде определено од страна на тимот одговорен за спроведување на стратегијата. Лицето ќе биде одговорно за одржување на редовен проток на информации на ниво на општината (внатрешна комуникација) и редовна комуникација и споделување на информации со јавноста преку веќе постојните комуникациски канали на општината. Лицето одговорно за комуникација треба да биде запознаено со правилата и процедурите за комуникација на општината и да одржува близок контакт со одделот комуникација и ПР при општината.

**Внатрешна комуникација**

Целта на внатрешната комуникација е да се создадат ефективни комуникациски канали кои ќе го овозможат непречено функционирање на тимот кој ќе ја спроведува стратегијата, со тоа и нејзиното успешно спроведување.

Приоритети на внатрешниот комуникациски систем се:

- Хоризонтална комуникација: Добра информираност на членовите на ЛМС и постојана размена на информации за спроведување на стратегијата.
- Вертикална комуникација: Добра информираност за спроведување на стратегијата до Советот на општината и Градоначалникот.

Како најприоритетна алатка за внатрешна комуникација се различните интернет сервиси. Доколку се веќе воспоставени, информации за спроведување на стратегијата ќе бидат споделувани надве нивоа, прво преку маилинг листа на индивидуалните е-пошти на членовите на тимот, и второ преку една од алатките за непосреден контакт (Viber, Whatsapp, итн) која тимот веќе ја користи. Целта на овие алатки е да се осигура непречена размена на информации.
Следејќи ги официјалните процедури на општината, извештаи за секоја активност ќе бидат подготвени и споделени со ЛМС и со Советот на општината и Градоначалникот.

Надворешна комуникација
Целта на надворешната комуникација е да се споделат информации за спроведените активности од стратегијата и навремено информирање на јавноста за нејзиното успешно спроведување.

Приоритети на надворешниот комуникациски систем се:
- Презентација на Стратегијата за млади и Акцискиот план на граѓаните на општината
- Редовно споделување на информации за спроведување на стратегијата со јавноста
- Промоција на младинските активности во општината
- Подигнување на јавната свест за состојбата на младите и младинските активности во општината

Интернет и социјални мрежи
Стратегијата како и акцискиот план ќе бидат објавени на интернет страната на општината и ќе бидат достапни за граѓаните на општината. Истата ќе биде промовирана на профилите на социјалните мрежи на општината и споделена со вработените. Стратегијата ќе биде промовирана и при непосреден контакт со граѓаните за време на настаните организирани од страна на општината.

Информации за спроведените активности ќе ги бидат редовно споделувани на интернет страната на општината во форма на написи придружени со фотографии, како и на профилите на социјалните мрежи на општината и на ЛМС.

**Медиуми**

За поголемите настани и активности, општината ќе изготвува известувања кои ќе бидат споделени со медиумите за да се осигура медиумска покриеност на настаните. Известувањата за печат ќе бидат изготвени следствено процедурите на општината.
За поголема промоција на стратегијата се препорачува нејзина промоција преку телевизиски или радио интервјуа, доколку постои можност.

**Контакт со засегнати страни**

Стратегијата за млади ќе биде споделена со засегнатите страни идентификувани во процесот на нејзиното создавање. Редовни информации за спроведувањето ќе бидат споделени со засегнатите страни во форма на маилинг листа.

Редовни состаноци со различни засегнати страни се предвидени со акцискиот план, со цел да се воспостават регуларни комуникациски канали во општината.

**Членови на работната група за изработка на Стратегија за млади на Општина Карпош 2023 - 2027**

| | |
|---|---|
| Дијана Мицевска | ЗГ „Младите Можат“ |
| Љупчо Велковски | ЗГ „Идеа Центар“ |
| Леа Манева | Црвен Крст – О.О. Карпош |
| Сергеј Леонидов | УМС на ВМРО ДПМНЕ Карпош |
| Бојана Михајловска | Локален младински активист |
| Марко Петрушевски | Општина Карпош |
| Ангел Томашевски | Општина Карпош |
| Биљана Костенчевска | МВР ЕВР ПС Карпош |
| Јована Котеска | Црвен Крст – О.О. Карпош(заменски член) |
| Петар Танески | Студентска организација БЕСТ Скопје |
| Диона Јосифовска | Локален младински активист |
| Марија Аврамовска | Општина Карпош |
| Ивица Јаковлевски | Општина Карпош |
| Кирил Паунов | СДММ Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| Бојан Стефановски | УМС на ВМРО ДПМНЕ Карпош (заменски член) |
| Александра А. Ставреска | МВР ЕВР ПС Карпош(заменски член) |
| Ивана Темелковска | Службеник за млади на Општина Карпош |
| Ивана Велкова | Соработник во процесот за креирање на ЛМС за Карпош |
| Ѓоко Вукановски | Фасилитатор на процесот за креирање на ЛМС за Карпош |

Број: 09-1417/19
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Акциски план за спроведување на Локална стратегија за млади на Општина Карпош за 2023 година**

1. Се објавува Акцискиот план за спроведување на Локална стратегија за млади на Општина Карпош за 2023 година, донесен на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/14**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 9, став 1 и член 20 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020), Одлуката за давање согласност за потпишување Меморандум за соработка помеѓу Општина Карпош и Коалиција на младински организации СЕГА бр. 09-7370/4 од 22.09.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 16/2022), како и Локалната стратегија за млади на Општина Карпош за период од 2023 година до 2027 година, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, бр.09-1417/19 од 28.02.2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.5/2023), Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

## Акциски план за спроведување на Локална стратегија за млади на Општина Карпош за 2023 година

| ОБЛАСТ 1: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Цел 1.1: Креирани механизми за вклучување на младите во процесите на донесување на одлуки | | | | | |
| Резултат 1.1.1: Избран и воспоставен е активен и функционален локален младински совет со почитување на одредбите од законот за младинско учество и политики | | | | | |
| **Реден Број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| 1.1.1.1 | Одржување на локално собрание за млади за избор членови на ЛМС | Општината и службеникот за млади | Јануари/Февруари 2023 | -Број на седници на собрание<br>-Број на претставници на младите во ЛМС<br>-Број на годишни програми | / |
| 1.1.1.2 | Верификација на составот на ЛСМ од страна на | Советот, Градоначалник и службеник за млади | Јануари/Февруари 2023 | | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Советот на Општина Карпош | | | -Број на состаноци | |
| 1.1.1.3 | Креирање и реализација на програма за работа на ЛМС | ЛМС и службеник за млади | Јануари-Декември 2023 | | 0,1 % од буџетот на општината |
| 1.1.1.4 | Реализација на десет месечни состаноци помеѓу ЛМС и службеникот за млади | ЛМС и службеник за млади | Февруари – Декември 2023 | | / |
| **Резултат 1.1.2: Активно заседание на Собранието на годишно ниво** | | | | | |
| 1.1.2.1 | Организација на една ориентациона обука за пет до десет членови на собранието | ЛМС и службеникот за млади | Март 2023 | -Број на обуки<br>-Број на млади учесници<br>-Број на седници на собрание | 20,000 денари (Општина Карпош или надворешни донатори) |
| 1.1.2.2 | Организирање на Седница на Собранието | ЛМС и службеникот за млади | Ноември/Декември 2023 | | / |
| **Резултат 1.1.3: Обезбедување на простор за млади** | | | | | |
| 1.1.3.1 | Отворање и оспособување на привремена канцеларија за млади во | Општина Карпош, ЛМС и службеник за млади | Февруари-Јуни 2023 | -Број на новотворени канцеларии за млади<br>-Фреквенција на посетеност | 150,000 МКД (Општина Карпош или надворешни донатори) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | месна заедница | | | на канцеларијата од страна на младите од општината | |
| **Резултат 1.1.5: Редовна вклученост на младинските организации во креирањето на политики** | | | | | |
| 1.1.5.1 | Одржување на месечни состаноци помеѓу ЛМС, службеникот за млади и граѓанските организации | ЛМС и службеник за млади | Февруари – Декември 2023 | -Број на реализирани состаноци<br>-Број на претставници на младински организации или организации за млади | / |
| 1.1.5.2 | Креирање на документ со предлог политики за млади | ЛМС и службеник за млади | Октомври/Ноември 2023 | -Број на предлог политики/документи | / |
| **Цел 1.2: Организирана поддршка за младинско организирање и младински активизам** | | | | | |
| **Резултат 1.2.1: Младинските организации имаат простор и ресурси за користење на спроведување на своите активности** | | | | | |
| **Реден Број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| 1.2.1.1 | Организација на две дводневни Обуки за службеникот за млади | Општина Карпош и Службеник за млади | Август-Октомври 2023 | -Број на обуки<br>-Број на учесници на обуките | 20,000 МКД (Општина Карпош или надворешни донатори) |
| **Цел 1.3: Локалниот младински совет успешно ги застапува потребите на младите пред** | | | | | |

| Советот на општината, локалните институции и останатите чинители | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат 1.3.1: ЛМС е препознаен како застапник на младинските потреби на локално ниво** | | | | | |
| **Реден Број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори** | **Индикативен финансиски план** |
| 1.3.1.1 | Реализација на (најмногу) шест состаноци со младите од општината | ЛМС | Февруари-Декември 2023 | -Број на останоци со младите од Општина Карпош | / |
| **Резултат 1.3.2: Членовите на ЛМС ги зајакнале своите капацитети за спроведување на обврските и надлежностите** | | | | | |
| **Реден Број** | **Активности** | **Одговорни институции** | **Месец и Година на спроведување** | **Индикатори (ги внесува фасилитаторот)** | **Индикативен финансиски план** |
| 1.3.2.1 | Реализација на четири дводневни обуки за членовите на ЛМС | ЛМС и службеникот за млади | Март-Јуни 2023 | -Број на обуки<br>-Број на членови на ЛМС учесници на обуките | 80,000 (Општина Карпош или надворешни донатори) |

Број: 09-1417/20
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување План на програми за развој на Општина Карпош за 2023-2025 година**

1. Се објавува План на програми за развој на Општина Карпош за 2023-2025 година, донесен на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/15**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Согласно член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Советот на Општина Карпош на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2023-2025 ГОДИНА

Согласно потребите од областа на Екологијата и Енергетската ефикасност се утврдува превземање на одредени активности со цел подобрување на условите на јавното осветлување во општина Карпош и тоа:

1. Развојна програма - **Реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош – програма Ј3**

Секторот за екологија и енергетска ефикасност преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2023 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.
Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини.

**1.1** Замена на постоечките светилки со штедливи ЛЕД светилки на целата територија на општина Карпош

Со реализацијата на оваа активност се предвидува во текот на наредната година да се заменат 100% од вкупниот број на натриумови светилки со нови ЛЕД светилки од 35W. Исто така ќе

бидат заменети натриумови светилки во дворните места на училиштата, додека рефлекторите од 400W инсталирани на спортските и детските игралишта се веќе комплетно заменети со ЛЕД светилки од 150W (вкупно 244).

Очекуваните заштеди на годишно ниво се 60-90% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки и заштеда во денари од 23,120,176.00 до 34,876,199.00.

Реализацијата на оваа активност треба да донесе повеќе бенефити за општината, меѓу кои и следните:

- Помала потрошувачка на електрична енергија и средства за јавно осветлување ефикасен систем и функционирање на мрежата без дефекти на улиците и јавните површини за граѓаните.
- Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија
- Мониторинг и управување со потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување и спортски и детски игралишта
- Со реализација на оваа проект се отвара простор во наредниот временски период целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во општината, мониторинг и управување со потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување, спортски и детски игралишта на вкупно 157мерни места. За таа цел ќе бидат поставени нови командни ормари со софистициран управувачки систем,нови ЛЕД светилки како и ново ожичување во самите столбови.
- Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош

Вкупната вредност на овој проект се планира да изнесува 120.000.000,00 денари.

Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средствата кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош ќе се реализира во фази.

Реализацијата на поединечните фази на изградба, ќе се одвива на следниот начин:
- Во 2023 година се планира промена на светилки во износ од 23.000.000,00 денари
- Во 2024 година се планира промена на светилки во износ од 50.000.000,00 денари и

- Во 2025 година се планира промена на светилки во износ од 47.000.000,00 денари

Почетокот на имплементација на овој проект се предвидува од 01.09.2023 година, а негово комплетно завршување се предвидува до 30.03.2024 година.

За реализација на оваа развојна програма планираните средства се од Буџетот на Општина Карпош,

Овој План на Програми за развој влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-1417/21
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година**

1. Се објавува Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/16**
**Датум:01.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 и член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 25/2022, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28.02.2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## за дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.25/2022 година), во точка **1. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на теоретски и практичен дел за добивање на возачка дозвола Б категорија** се врши дополнување со цел прецизирање на целокупната постапка на начин што по табелите се додава следниот текст.

Дополнувањето се врши со додавање на текст во крајниот дел од точка 1. **Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на возачка дозвола односно се дополнува со следната содржина:**

ОВЛАСТУВАЊЕ: Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија.

Овластувањето подразбира:

- Формираме на комисија за евалуација на понудите
- Донесување Одлука за јавен повик за избор на авто школи
- Објава на јавен повик за избор на авто школи
- Записник од отварање на понуди
- Подготовка на извештај
- Одлука за избор на авто школи
- Известување за избор на авто школи

-
Склучување на договори со избраните авто школи
- Донесување Одлука за јавен повик за сувбенционирање на млади лица
- Објава на јавен повик
- Решение за формирање на комисија за примени барања за субвенционирање
- Записник од евалуација
- Подготовка на решенија за исплата
- Завршен извештај

По изменувањето и дополнувањето, точка 1 гласи:

**1. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на теоретски и практичен дел за добивање на возачка дозвола Б категорија**

I. Развојни приоритети и цели

Општина Карпош за втор пат преку Секторот за развој ќе ја спроведе мерката за поттикнување и помош на млади лица кои живеат во Општина Карпош да полагаат возачка дозвола, при тоа целиот износ за обука од теоретскиот и стручниот дел да им биде субвенциониран односно вратен.
Оваа мерка се планира да се спроведе како резултат на тоа да се поттикнат младите веднаш по завршување на средното образование или со наполнети 17 години и шест месеци, да посетуваат и да полагаат возачка дозвола се со цел во следниот период да бидат поконкурентни на пазарот на труд и полесно да ги исполнат условите за добивање работа.
За да се спроведе оваа активност, најнапред општината ќе спроведе постапка за избор на авто школи кои ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи. По избор на најповолните авто школи и потпишување на договорите, општината ќе пристапи кон распишување на Јавен повик за субвенционирање на млади лица кои во 2023 година ќе наполнат 18 години.

II. Проектни активности

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА АВТО ШКОЛИ

| | |
|---|---|
| **Критериуми за учество на авто школата:** | ➢ Авто школата да има лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија<br>➢ Авто школите да имаат најмалку 5 (пет) возила во своја сопственост или на располагање и истите да бидат за оспособување на кандидатите за Б категорија.<br>➢ Да има најмалку 5 (пет) реномирани возачи - инструктори со лиценца за оспособување на кандидати за возачи за Б категорија, вработени во авто школата или на располагање.<br>➢ Авто школите да имаат на располагање канцеларија за прием на кандидати, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон, но не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9, 1000 Скопје. |
| **Критериуми за избор на авто школа** | ➢ За најповолни понуди ќе бидат избрани понудите на авто школите ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи во авто школа за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија, согласно минималните пресметани елементи на вредност. |

| | |
|---|---|
| | ➢ Доколку понудувачот не е ДДВ обврзник истиот треба да достави документ од УЈП како доказ |
| Потребна документација | ➢ Тековна состојба.<br>➢ Копија од лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија.<br>➢ Копија од сообраќајна или договор за располагање со возила за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија во прилог со копија од сообраќајна .<br>➢ Копии од лиценци за инструктори, листа од АВРМ за вработени во авто школата или договор за отстапување на инструкторите со копии од лиценци.<br>➢ Да имаат на располагање канцеларија за прием, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон (приложување на договор за закуп или внесена во тековна состојба).<br>➢ Канцелатијата за прием на кандидати и училницата за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства да работи не помалку од (1) година од денот на објавување на овој повик и истите да се на растојание по патна инфраструктура не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9,1000 Скопје. |

| | |
|---|---|
| | Отварањето на понудуте ќе биде јавно |

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА МЛАДИ ЛИЦА

| | |
|---|---|
| Критериуми за субвенционирање : | 1. Секое лице кое ќе поднесе барање за субвенционирање за полагање на стручен дел за возачка дозвола мора да е жител на Општина Карпош и да е веќе жител на општината минимум 3 години до денот на поднесување на барањето.<br>2. Ќе се субвенционираат млади лица кои во 2023 година ќе наполнат 18 години.<br>3. Лицето да ги исполнува условите согласно законот за полагање возачки испит т.е. да поседува одобрено лекарско уверение.<br>4. Субвенционирањето ќе биде 100% од износот кои се наплатува за теоретска и практична обука.<br>5. Ќе се земат во предвид само лицата кои уплатиле за полагање на возачка дозвола по датумот на објавување на Јавниот повик и во авто школите кои имаат склучено Договор со Општина Карпош произлезен од Јавниот повик за авто школи |
| Потребни документи: | 1. Барање за субвенционирање за поврат на 100% од вкупниот износ за теретска и практична обука<br>2. Копија од лична карта како доказ за жителство и година на раѓање<br>3. Копија на лична карта од двајцата родители како доказ дека живеат минимум 3 години во Општина Карпош<br>4. Копија од фискална сметка за извршена уплата за теретска и практична обука во автошколата |
| Предвидена финансиска | 5.000.000,00 денари |

| | |
|---|---|
| рамка: | |

ОВЛАСТУВАЊЕ: Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија.

Овластувањето подразбира:

- Формираме на комисија за евалуација на понудите
- Донесување Одлука за јавен повик за избор на авто школи
- Објава на јавен повик за избор на авто школи
- Записник од отварање на понуди
- Подготовка на извештај
- Одлука за избор на авто школи
- Известување за избор на авто школи
- Склучување на договори со избраните авто школи
- Донесување Одлука за јавен повик за субвенционирање на млади лица
- Објава на јавен повик
- Решение за формирање на комисија за примени барања за субвенционирање
- Записник од евалуација
- Подготовка на решенија за исплата
- Завршен извештај

**По дополнувањето вкупниот буџетот и табеларниот приказ на буџетот по проекти останува непроменет оснодно 5.243.000,00 денари**

IV Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-1417/22
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за разрешување, именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување, именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош-Скопје, донесено на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/17**
**Датум:06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-880/1 од 02.02.2023 година, Советот на Општина Карпош, на дваесет и втората седница, одржана на 28 февруари 2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за разрешување,именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се констатира разрешување на претставникот предложен и именуван од Советот на родители и верификувани од Советот на Општина Карпош, од членови на училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“-Скопје:

- Драган Симоски, поради преселба во странство, разрешен со решение бр.02-525/2 од 27.12.2022 година

2. За член на училишниот одбор на ООУ „Димо Хаџи Димов“ предложен и именуван од Советот на родители, Советот на Општина Карпош ја верификува:

- Маринела Блажевска, назначена со решение бр.02-525/2 од 27.12.2022 година

3. Се констатира разрешување на претставниците од редот на наставниците, воспитувачите и стручните соработници, предложени и именувани од Наставнички совет и верификувани од Советот на Општина Карпош, од членови на училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“-Скопје:

- Слаѓана Милановска, предметен наставник, поради истек на мандат, разрешена со Решение бр.02-419/1 од 27.10.2022 година
- Соња Јовановска, одделенски наставник, поради истек на мандат, разрешена со Решение бр.02-419/1 од 27.10.2022 година

- Ирена Станкова Пројчев, предметен наставник, поради истек на мандат, разрешена со Решение бр.02-419/1 од 27.10.2022 година

4. За членови на училишниот одбор на ООУ „Димо Хаџи Димов“ предложени и именувани од Наставничкиот совет од редот на наставниците, воспитувачите и стручните соработници, Советот на Општина Карпош ги верификува:

- Живко Василевски, предметен наставник, назначен со решение бр.02-419/1 од 27.10.2022 година
- Лела Николоска, одделенски наставник, назначена со решение бр. 02-419/1 од 27.10.2022 година.
- Ирена Станкова Пројчев, предметен наставник, назначена со решение бр.02-419/1 од 27.10.2022 година

5. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-1417/23
Датум:28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог – Одлуката за укинување на Одлуката за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо**

1. Се објавува Службената Белешка за не усвојување на Предлог – Одлуката за укинување на Одлуката за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо, донесена на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 28 февруари 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-1760/18**
**Датум: 06.03.2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), а во врска со усвоената осумнаесетта предлог - точка на дневниот ред за работа на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош – Одлука за укинување на Одлуката за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо, Претседателот на Советот на Општина Карпош донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување на Предлог – Одлука за укинување на Одлуката за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на дваесет и втората седница на Советот на Општина Карпош – Одлука за укинување на Одлуката за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласал 1 член на Советот, ПРОТИВ гласал 1 член на Советот, ВОЗДРЖАН гласале 20 членови на Советот, врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Одлуката за укинување на Одлуката за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо.

Број: 09-1417/24
Датум: 28.02.2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**Исправка на техничка грешка**

При реализација на актите усвоени на седумнаесетата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 6 декември 2022 година направена е печатна грешка во Одлуката за формирање иницијативен одбор и давање согласност за распишување Јавен повик за формирање локално собрание на млади на Општина Карпош бр.09-8890/10 од 06.12.2022 година, на начин што е впишано името Дејан наместо Дамјан Тасевски. Корекцијата на печатната грешка е направена и корегираната одлука е потшишана од Претседателот на Советот на Општина Карпош.

Со оваа службена белешка се врши исправка на направената техничка грешка.

**Број: 09-1417/27**
**Датум: 06.03.2023 година**
**Скопје**

**Одделение за поддршка и**
**организација на работата на Советот,**
**Ивана Ордевска, с.р.**

СОДРЖИНА

1. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на информатичката технологија за 2022 година, со Решение за објавување
2. Прогарама за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на на образованието за 2023 година, со Решение за објавување;
3. Програма за работа на Советот за 2023 година, со Решение за објавување
4. Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „Аврам Писевски“ Општина Карпош Скопје, со Решение за објавување
5. Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош Скопје, со Решение за објавување
6. Решение за давање согласност на Годишниот план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година на ООУ „Владо Тасевски“ Општина Карпош Скопје, со Решение за објавување
7. Решение за давање согласност на Статуратна одлука за изменување и дополнување на Стаутот на ООУ „Лазо Трповски“, Општина Карпош, Скопје, со Решение за објавување
8. Одлука за давање согласност за спогодбено превземање административен службеник во Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи, со Решение за објавување
9. Одлука за кофинансирање на проектот „Инвестиција во фотоволтаици, енергетска ефикасност, заштита на човековата околина“, со Решение за објавување
10. Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од ПЗУ Нерези Медика на Општина Карпош, со Решение за објавување
11. Решение за разрешување, именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Којдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување
12. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт, со Решение за објавување
13. Локална стратегија за млади на Општина Карпош за период од 2023 до 2027 година, со Решение за објавување

14. Акциски план за спроведување на Локална стратегија за млади на Општина Карпош за 2023 година, со Решение за објавување
15. План програми за развој на Општина Карпош за период 2023-2025 година, со Решение за објавување
16. Програма за дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2023 година, со Решение за објавување
17. Решение за разрешување, именување и верификација на членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување
18. Службена белешка за не усвојување на Одлуката за укинување на Одлуката за забрана на неовластено снимање на седниците на советот на ОК, до усвојување одлука за пренос во живо, со Решение за објавување
19. Исправка на техничка грешка

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци